**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Четириесет и третата седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**19 ноември 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Ивановска, Андреј Жерновски, Слободан Најдовски, Есад Рахиќ, Ѓорѓи Оровчанец, Никола Груевски, Љобчо Георгиевски, Петар Наумовски, Марија Којзеклиска, Сашко Ќедев, Трифун Костовски, Зоран Томиќ, Марјан Ѓорчев, Фазли Велиу, Али Ахмети и Хусеинџевад Хусеини, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за вршење на услуги врз трансфер на пари.

Од вчера останаа уште двајца за дискусија. Прв е на кајронот господинот Ванчо Стаменков. Но господинот Ванчо Стаменков не е присутен а следниот е пратеникот Заев Зоран.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре за финансии,

Целта на моето пријавување за дискусија е да дадам едно мое видување на предложениот закон, со што воедно сакам да ја дадам мојата поддршка за донесување на овој закон.

До сега за овој вид на финансиска активност немаше воспоставено правна рамка што би ја регулирал по истата, при што се оставаше можност оваа услуга на

брз трансфер на пари да ја вршат трговски друштва исклучиво врз основа на регистрација за вршење на дејност останати финансиски услуги, со што се овозможуваше создавање на нелојална конкуренција помеѓу субјектите на финансискиот пазар. Во исто време, немањето на норматив за регулирање на трансферот на пари, оставаше можности за избегнување на формалните дејствија за вршење на финансиските трансакции на финансискиот пазар, со што сигурно се оставаше можност, односно простор за делумна даночна евазија на корисниците на овој вид на услуга.

За донесувањето на законот за вршење на услуги врз трансфер на пари има повеќе причини, односно ефекти кои се очекуваат од неговата примена.

Прво, донесувањето на овој закон, всушност ќе значи усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, се разбира во областа на финансиите, односно спроведување на директивата 20/12 на Европската Унија. Имено, во Анексот 1 на оваа директива посебно е наведена потребата од законско регулирање на услугата на префрлање на пари, со што Република Македонија како аспирант за влез во Европската Унија се изедначува со законодавството на Европската Унија во овој сегмент од финансиската сфера и од сега овој вид на услуга ќе ја пружат институциите кои не се банки.

Второ, со донесувањето на овој закон се регулира начинот и условите за вршење на услуга врз трансфер на пари, лиценцирање на трговските друштва вршители на услуги надвор и санкционирање на таквите друштва како и на нивните субагенти.

Трето, правното нормирање на овој вид на финансиска активност создава основа за здрава и лојална конкуренција на финансискиот пазар која сама по себе треба да го привлече интересот на граѓаните корисници на овој вид на услуга. Ефектите од ова ќе се одразат и во даночната сфера, односно во спроведувањето на позитивната даночна политика во државата.

И конечно, прецизното определување на тоа кој се може да биде вршител на услугата врз трансфер на пари ќе доведе до тоа таа услуга да биде достапна до што поголем број на граѓани.

Имајќи го предвид претходно кажаното, а посебно тргнувајќи од фактот што оваа материја до сега не е правно регулирана, сметам дека донесувањето на законот за вршење на услуги врз трансфер на пари не треба да не двоуми и затоа апелирам до сите колеги пратеници да го поддржат донесувањето на овој закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, господине заменик министер,

Предлогот за донесување на законот за вршење на услуги врз трансфер на пари треба да се прифати од повеќе причини и ќе се обидам накратко да ги образложам овие причини со неколку свои кратки лични видувања на овој закон.

Прво, законот е дел од законите со кои што македонското законодавство се усогласува со она на Европската Унија и сигурно е дека во тоа не треба да има дилема во однос на поддршката на овој закон.  Потоа, она што е суштинско законот се однесува на една услуга која што во изминатите години функционира практично во нашата Република, меѓутоа, услуга која што не беше регулирана и сакнционирана со посебни законски норми и која што услуга ја извршуваа разни економски субјекти и создавајќи притоа нелојална конкуренција на некои банкарски и финансиски институции. На овој начин сега практично точно се определува и се дава можност на сите финансиски институции кои што ќе ги исполнат условите да се занимаваат со вршење на оваа услуга. Тоа е практично една услуга која што може да ја користат сите граѓани, се врши моментен електронски трансфер на пари помеѓу граѓански лица, односно помеѓу физички лица од државата во странство и обратно.

Исто така, во законот е јасно определен и лимитот на вкупната сума која што може да се трансформира на овој начин и во едниот и во другиот правец. Таа е помала од она што значи општото ограничување кое што е лимитирано со другите законски норми, односно со другите закони, како што е законот за спречување на перење на пари.

Она што е исто така битно при определбата за поддршка на овој закон е дека тој претставува практично продолжување на реформите во финансиската сфера кои што беа започнати од претходната Влада, посебно во сферата во областа на финансиите и наплатниот промет, реформи кои што практично ги обележаа реформите на нашата држава, на нашето законодавство и на финансискиот систем кон нормите на Европската Унија.

Исто така, не треба да се занемари тоа дека носењето на овој закон претставува и извршување на дел од презмените обврски со ММФ и со веќе склучениот СТЕНД БАЈ аранжман со ММФ.

Во Министерството за финансии тимот кој што го подготвувал овој закон се раководел со сите оние норми, посебно со директивата 2000/12 и луѓето, односно тимот сигурно дека ги црпеле овие искуства од европската регулатива и од практични законодавства во европските земји и надвор од нив. Единствената дилема што во самиот закон и во образложението се наметнува, која што практично и не е дилема е дали во овој закон треба да биде регулирано со лиценцирање и со превентна контрола работењето на субјектите кои што ќе се занимаваат со оваа дејност или не, затоа што во развиените западни земји тоа не е случај, меѓутоа, во сите земји практично во транзиција занимавањето односно вршењето на оваа дејност е подложно на лиценцирање на бројот на контролата од страна на наделжни органи и заради тоа што сепак, финансискиот пазар, финансиските институции не се доволно пазарно ориентирани и не се доволно стабилизирани како оние во разивените западни земји. Затоа сметам дека компелтно и оваа одредба во законот заслужува поддршка, така да вкупно земено во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ уште еднаш ќе потенцирам, заради тоа што тој е реформски закон кој што ја продолжува реформата во сферата на финансиите започнати уште од претходната Влада и го усогласува македонското законодавство со европското и е исто така дел усогласен со техничката мисија на ММФ и е дел од СТЕНД БАЈ аранжманот, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, драги колеги пратеници,

Со ова законско решение се правиеден нужен чекор на либерализацијата во системот на плаќање со странство што претставува отстранување на непотребни пречки кои ги имаше во нашиот платен промет со странство и пратеничката група на Либералната партија го поддржува овој предлог и ќе гласаме за него.

Меѓутоа, само сакам да потсетам дека скоро идентичен предлог имавме пред некоја година ипол или две години во Собранието од поранешниот состав. Тој предлог беше жесток напаѓан и оспоруван од тогашната опозиција, особено од пратениците од СДСМ и сега е добро што таа пратеничка група и нејзината партија сфатиле дека овие се нормални чекори и потребни чекори и сами го предлагаат тоа. Ако е задоцнување од година ипол, мислам дека зреењето е секогаш корисно и добро.

Меѓутоа, имавме и некои тешкотии со Уставниот суд. Мислам дека стариот состав го отстрани тоа решение во законот. Сега Владата е принудена повторно нешто слично да предлага. Во секој случај овој е корисен предлог и ние ќе го поддржиме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за вршење на услуги врз трансфер на пари.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 67 пратеника, 65 гласале за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 69 за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 2, член 2 точка 2, член 4, член 5, член 6 во воведната реченица и на точка 5. Член 7 во воведната реченица, член 8 став 1, член 9 став 1,2,3 и 4, член 10 во воведната реченица и на точка 2, член 11, член 14 став 2, член 22 став 1 и 2, член 23 став 1 точка 2, член 25 став 1, член 26 став 2, член 32 став 2, член 33 точка 2, член 36 став 1, член 37 став 1 во воведната реченица и на точка 1 и на член 38 став 1 точка 4.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амадман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи и овој амандман станува дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 6 во воведната реченица и на точка 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 7 во воведната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на чен 9 став 1,2,3 и 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 10 во воведната реченица и на точка 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согасил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 22, став 1 и 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 23, став 1, точка 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 26, став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 32, став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 33, точка 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владада се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1, во воведната реченица и на точка 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со амандманот.

Го молам претставникот на Владада се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38, став 1, точка 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владада се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

И овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сите амандмани се прифатени и со тоа се станува составен дел од законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлог на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 62 пратеници, 1 гласал воздржано и 2 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење на услуги врз трансфер на пари.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита.**

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за труд и социјална политика Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам г. претседателе, почитувани пратеници,

Денес во прва фаза Владата го предлага изменувањето и дополнувањето на законот со мошне темелни, сериозни измени на Законот за социјална заштита. Измени, кои што конечно архитектурата на социјалната заштита и всушност институциите од јавниот, приватниот и цивилниот сектор, кои што ќе имаат овластувања да вршат услуги од социјалната заштита, нормативно ги регулира и создава еден простор, со што Република Македонија ќе може во потполност да се изедначи со она што се европски стандарди во оваа област. За жал, сега, и во сверата на социјалната и во сверата на детската заштита, нашите закони, пред се и вкупниот нормативен амбиент, поради тоа што отсуствува нормативна рамка за примена на начелото на плурализам, за жал се некомпатибилни и со тек на време и донесоа последици на стагнирање на развојот на социјалната заштита. Од една страна, поради економската немоќ на државата соодветно да инвестира во оваа свера во изминатиот повеќе од едно децениски период, а од друга страна со нормативните бариери што постоеја за влегување за приватниот невладиниот сектор во оваа свера како рамноправен чинител со јавниот сектор.

Значи, филозофијата на овие промени накратко може да се опише како напуштање на еден етатистички модел, каде што државата имаше комплетен монопол и во дизајнирањето и во имплементацијата на мерките од системот на социјалната заштита. Сега, воведуваме систем, еден дисперзивен систем, каде што покрај државата, која што и понатаму останува доминантен и главен играч на сцената, дел од социјалната архитектура стануваат и единиците на локалната самоуправа, невладиниот сектор, приватниот сектор и физичките лица како самостојни вршители на дејности од социјалната заштита. На овој начин ние создаваме еден нормативен амбиент, каде што сите можни актери во давањето на услуги од сверата на социјалната заштита, ќе бидат прецизно, нормативно регулирани и на сите ќе им се даде можност слободно и врз основа на еднакви шанси да учествуваат во давањето на социјалните услуги. Со ова, да не се извлече веднаш погрешен заклучок, не значи дека државата бега од одговорноста што досега стопроцентно ја имала. Не. Средствата што ќе се издвојуваат ќе бидат најмалку на ова ниво што ги издвојува државата сега. Само што сега државата нема да има монопол во трошењето на тие средства, ами тие средства се доверуваат и

на единиците на локалната самоуправа и на цивилниот сектор, со цел поуспешно да бидат извршувани овие функции за кои што се одвојуваат буџетски средства.

Надзорот пак, над извршувањето на овие функции ќе се зајакне, затоа што државата и пошироко гледано јавниот сектор ќе биде на некој начин растоварен од оној дел на имплементација на овие социјални услуги, така што ќе може својата основна функција на дизајнирање на системот и надзор врз работата на актерите, даватели на услуги на социјална заштита, да ја врши позасилено. Со ова, всушност, настанува соодветна реформа и на овој сектор на јавната администрација, со тоа што таа станува попрагматична и поефикасна и она што е проценка дека го врши поскапо, побироктарски и за жал со помал опсег на услуги го предава на секторот на единиците на локалната самоуправа, на невладиниот сектор и на приватниот сектор, со цел да се постигне поголема конкурентност, поголема достапност и поголем избор на услуги за граѓаните.

Кои се темелните принципи на овие законски измени. Има три темелни принципи.

Првиот е децентрализација,

Вториот е плурализација на дејноста, за кој што и говорев во воведниот збор.

Третиот е деинституционализација. Сите овие темелни принципи се исклучително значајни за, како што веќе реков, оваа свера да стане компатибилна со она што е во моментов европски стандард. Се разбира, во дискусијата и во комисиите што претходеше на оваа пленарна седница, имаше забелешки дека измените се толку суштински и темелни што можеби поприфатлив пристап би бил пристапот на предлагање на комплетно нов закон. Меѓутоа, овој закон, сега актуелниот закон што го имаме има и мошне добри страни. Ние, за жал, секогаш говориме за лошите страни, но овој закон има едно извонредно добра страна тоа е т.н. едношалтерски систем. Вие сте сите сведоци колку време, јас колку што паметам повеќе од 7-8 години говориме за воведување на едношалтерски систем во делот на економскиот сектор, во делот на побрзо основање на претпријатија. Така наречениот едношалтерски систем во социјалната заштита ние го имаме веќе со години и тој не само што треба да остане во оваа форма, туку треба и да се зајакне. Во таа насока ние предлагаме дополнителни промени, оној дел што досега се вршеше функциите поврзани со детскиот додаток што се вршеа во подрачните единици на министерствата, да бидат интегрирани во центрите за социјална работа,

така што граѓаните сите свои потреби од оваа свера, ги остваруваат на едно место во центарот за социјална работа.

Сега, малку поконкретно за овие три темелни принципи што тие значат.

Во однос на децентрализацијата Владата се определи во потполност и одеднаш да ги префрли сите надлежности што се предвидени за децентрализација со актуелниот закон за локална самоуправа. Значи, Владата се определи во оваа свера да нема тактизирање, да нема одоговлекување, да нема условување, туку она што е наведено како предмет на децентрализација во Законот за локална самоуправа од сверата на социјална заштита, да биде децентрализирано. Се определивме за ваков пристап, затоа што нашата проценка е дека сите тие услуги може да се децентрализираат без поголеми проблеми, се разбира, со една активна соработка со единиците на локална самоуправа. Се разбира, веднаш, секогаш кога ако Владата предложи едно вакво решение се јавуваат забелешки зарем мора одеднаш, дали можеби не е помудро да се оди постепено и слични забелешки. Се разбира, кои што се и засновани, затоа што секогаш при спроведување на вакви темелни реформи, постојат причини за страв. Тие се дел објективни, дел субјективни и јас тука, бидејќи дел од нив беа наведени и во комисиските расправи, на дел од нив ќе се обидам накратко да дадам одговори.

Првата причина за страв што беше наведена е дали ќе има доволно пари. Да, ќе има доволно пари, затоа што, како што и пред малку појаснив средствата што ќе бидат алоцирани заедно со надлежностите ќе бидат најмалку во тој обем, во колку што сега ги троши државата т.е. Министерството за труд и социјална политика преку централниот буџет. Најмалку толку ќе бидат средствата. Се разбира, ако ни тргне економијата тие средства може да бидат и поголеми. Меѓутоа, она што го гарантираме е дека најмалку ова ниво што сега го користиме како централна администрација за сервисирање на социјалните услуги, најмалку тоа ќе биде префрлено на единиците на локалната самоуправа. Иако, важи правилото дека секогаш поефикасно, порационално се администрира кога сте поблиску до граѓаните, тогаш со право може да се очекува дека и како резултат на овој трансфер, ќе настанат дури и извесни заштети. Затоа, што претпоставката е дека овие функции ќе бидат порационално извршувани.

Втората причина за страв што беше наведена, дали општините овие пари што ќе ги даде државата, што ќе ги алоцира, ќе ги трошат наменски. И тука, одговорот е да, затоа што и со овој закон и со законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој што во наредниот период ќе дојде пред Парламентот,

предцизно се нормирани правилата и процедурите за трошење на овие средства. Што значи ова најпластично. Тоа значи дека кога ќе се префрли надлежноста за сервисирање на услугите од старскиот дом, да кажеме во Прилеп, веднаш со надлежноста преминуваат и средствата од централниот буџет наменети за оваа намена и регулирано е наменското трошење на овие средства. Што значи дека средствата наменети за плати на луѓето во старскиот дом или за сервисирање на материјалните трошоци, нема да може општината да ги пренамени своеволно, во изградба на тротоар или во изградба на некоја улица или во некоја слична активност. Што значи, срествата што ќе бидат алоцирани, ќе бидат максимално заштитени, значи нивната наменска потрошувачка ќе биде комплетно заштитена со овие механизми што ќе постојат во овие два закони.

Третата прижина за страв што беше наведена, дали општините имаат компетенции, дали имаат административен капацитет да ги работат овие работи. Тука одговорот е исто така несомнено да. Ако се вратиме малку station наназад, ние ќе видиме дека до 1990 година, имавме еден прилижно децентрализиран систем, кој што потоа доста напрасно го централизиравме, а го централизиравме на каков начин. На еден крајно механички начин, ги собравме средствата од општините, го собравме персоналот од општините и го префрливме во централната администрација. Што значи, ако одиме по принципот на една историска меморија, до 1990 година општините имаа компетенции, имаа административни капацитети да вршат дел од овие услуги. Сега, со враќањето на надлежностите и со враќањето и на човечките ресурси потребни за извршување на тие надлежности, нема причина да веруваме дека општините на еден компетентен начин ќе се справат со овие надлежности што им се доверени.

Уште еден страв кој беше наметнат е дали можеби во операционализацијата на овие нормативни промени дали треба сите надлежности што досега ги имаше Министерството да се префрлат само на градоначалникот или пак треба да се поделат помеѓу градоначалникот и Советот на локалната самоуправа. Ова прашање, за жал, е надвор од овој закон, затоа што е прецизно дефинирано во Законот за локална самоуправа. Меѓутоа, основната логика и во тој закон е добра, затоа што она што досега била компетенција на централната извршна власт, станува сосема логично компетенција на локалната извршна власт и тука навистина нема никаква причина за страв. Туку, напротив, она што ние преку локалните избори го вршиме, избор на градоначалник преку таквиот изборен модел каков што го имаме, всушност, на тој градоначалник граѓаните му даваат доверба да раководи,

меѓу другото и со многу посложени работи, отколку со овие што сега ќе му бидат доверени со овој закон за локална самоуправа, со овој закон за измени во Законот за социјална заштита. Значи, воопшто причините за страв, иако се сосема нормални кога се соочуваме со вакви темелни реформи не држат и овој процес на децентрализација постојат сите предуслови, тој да биде извршен онака како што треба. Фактор плус, во прилог на сето ова е што според одредбите од Законот за локална самоуправа, сите овие одредби што ние денес ќе ги донесеме стапуваат во сила дури по локалните избори. Што значи, цела 2004 година ни останува како година за дополнителни подготовки за извршувањето на овој трансфер.

Во делот на плурализацијата, ова е најцентрален дел на промените во овој закон. Како што објаснив досега државата имаше монопол, сега покрај државата го воведуваме како дavател на услуги и цивилниот сектор и приватниот сектор и физичките лица како самостојни извршители.

Како што ќе видите во самиот закон, посветено е исклучително големо внимание и простор на овие промени, затоа што кога се воведуваат повеќе актери во една свера, многу е битно да се имаат прецизни правила на игра, за да не настане мешање на компетенциите и за да не настане еден тип на нелојална конкуренција помеѓу овие актери во сверата на социјалната заштита. Оттаму, каде и на кој начин може да се вклучи во давањето на социјални услуги невладиниот сектор е мошне прецизно дефинирано преку десетина члена. Каде и како може да се вклучи приватниот сектор е исто така дефинирано мошне прецизно. Каде и како можат да се вклучат физичките лица, исто така, е дефинирано мошне прецизно. Дополнително се сите овие активности ќе бидат изготвени соодветни подзаконски акти, со кои што на еден мошне прецизен начин, ќе бидат нормирани сите процедури и постапки, се со цел финалниот корисник на услугите, граѓанинот, да биде максимално заштитен од евентуални недоследности и злоупотреби. Притоа, како егземплари може накратко да ги истакнеме во кои свери точно, според нашите анализи, очекуваме да влезат овие различни актери. На пример, во сверата згрижување и нега на стари лица, апсолутно очекуваме голем интерес на приватниот сектор. Дефакто, ние и досега имаме неколку приватни домови за стари лица, меѓутоа, затоа што непостоела нормативна рамка, тие домови за стари лица, за жал, се регистрирани според регулативата што постои стандардна за трговски друштва и тие всушност се лиценцирани како еден вид на хотели, а не како домови за стари лица.

Се разбира и тие институции трпат штета, затоа што на тој начин плаќаат и поголеми давачки кон државата. Значи, сега со овие промени што ги правиме ние всушност санкционираме една реална состојба која ја имаме на теренот, една реална состојба на опстркција на приватниот сектор да се развива соодветно, сега таа опструкција се елиминира и инвеститорите во оваа свера ќе имаат комплетно регулирана рамка и процедура за да влезат на еден легален и транспарентен начин во извршувањето на овие услуги.

Каде очекуваме невладиниот, или цивилниот сектор да се вклучи.

Пред се, преку работата со една мошне популарна форма последниве децении низ цела Европа, центрите за дневно и привремено згрижување на лица со различни социјални потреби.

Имено, денес низ цела Европа, секаде ваквите дневни центри како нивни менаџери доминираат разни невладини организации, социјални невладини организации кои што, тоа е општа констатација многу порационално, многу поефикасно ги извршуваат тие услуги отколку овластените јавни институции. Особено во овие услови на општа контракција, фискална контракција каде што државата и нема можности да вработува нов кадар во социјалната заштита, значи каде што нема можности да биде експанзивна иако има потреби на теренот, тогаш како еден современ институт за таквиот дефицит на капацитети на државата се јавуваат невладините организации. Впрочем ние и сега имаме неколку дневни центри во државата раководени од невладини организации, меѓутоа за жал повторно и тука се соочуваме со проблеми не по вина на тие организации туку по вина на државата затоа што не создала соодветна нормативна рамка за одвивање на овој процес.

Она што е многу битно, и што исто така ќе им даде многу поголем простор со овие промени се улогите на МПЦ, ИВЗ и другите верски заедници.

Сведоци сме дека во современите општества верските заедници имаат исклучително значајна улога во социјалниот сектор. Кај нас тие, за жал, се држат малку настрана. Последниве години постојат некои обиди, срамежливи, првични, меѓутоа ние како Министерство за труд и социјална политика и како Влада се трудиме дополнително да ги охрабриме и со овие нормативни промени верските заедници ќе бидат дополнително охрабрени и дополнително ќе им биде дадена соодветна рамка за да се вклучат и тие како актери во давањето на социјалните услуги. Со тоа и тие да преземат дел од пошироката социјална одговорност што мора да постои особено во ваквите услови на економска и социјална криза.

Уште еден дел, делот на физичките лица како вршители на самостојни дејности. И кај нив прецизно се дефинирани услугите што можат да ги даваат како физички лица. Се работи за услуги на домашна нега и советувалишни услуги, кои што ќе може да ги врши физичко лице кое што исполнува соодветни услови и кое што за тоа добива соодветна лиценца од Министерството за труд и социјална политика и притоа ќе може да вработува и до три лица дополнително.

Околу третиот битен сегмент на промени, промените во делот на т.н. деинституализација, исто така се работи за еден растечки и современ тренд во сите европски држави, каде што врз основа на долгогодишните искуства е недвосмислено констатирано дека т.н. институционално згрижување на лица со различни социјални потреби покрај добрите страни има и многу лоши страни, многу негативни страни. Оттаму последниве 20-тина години се повеќе зајакнува трендот т.н. на деинституализација, каде што луѓето се извлекуваат од големите институции, фактички од параболнички тип и преку различни форми на дневно и привремено згрижување се третираат на еден многу похуман, многу порационален начин.

Нашата држава од пред две години почна со оваа практика. Тука и претходната Влада направи добри првични чекори, сега останува таа практика да се засили, да се продолжи и со вклучување особено на невладиниот сектор максимално таа практика да се пролиферира, да се диверзифицира во сите поголеми општини во државата. Сега, за жал, по различни основи само девет до 10 општини имаме покриено со вакви дневни центри, а целта треба да ни биде сите поранешни општини, триесетина бидат покриени со вакви форми на дневно згрижување. До колку се усвојат овие измени Владата наредната година планира да тргне со 10-тина вакви дневни центри од различни области (за лица со интелектуална попреченост, за третирање на зависници од дроги и за помош на нивните семејства, за бездомници, особено во поголемите градови, тоа се однесува пред се за градот Скопје). Во законот прецизно се наведени тие нови вонинституционални форми на социјална грижа.

Значи да заклучам. Со овие темелни промени на Законот за социјална заштита досегашниот монопол на држават, досегашната мошне сиромашна понуда на социјални услуги и досегашната опструкција на приватниот и невладиниот сектор рамноправно да се вклучат во оваа дејност комплетно ја елиминираме, создаваме мошне благопријатни услови за развој на оваа дејност и со тоа реално подобрување на достапноста, опфатот и на квалитетот на социјалните услуги на граѓаните.

Законот ќе оди во две фази. Очекувам и од вас како пратеници во ова меѓувреме, до втората фаза со сопствените бази да направите соодветни консултации и низ јавната расправа што Министерството и Владата ќе ја организираат во текот на месец јануари да ја усвоиме и финалната фаза на овој закон и со тоа да создадеме услови во наредната година, како и секоја нортмална европска држава да имаме и развиен невладин сектор во оваа сфера и влез на приватниот сектор во сферата на социјалната заштита.

Благодарам  за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г Манасијевски.

Има збор пратеникот Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Социјалната политика која ја спроведува секоја држава зазема истакнато место и значење и ја дели судбината на севкупните односи. Посебно влијание врз социјалната политика има економската развиеност, утврдениот систем на вредности, утврдените цели во општеството односно врз социјалната политика влијае вкупниот развој и изградените односи во секое општество посебно.

Социјалната политика што ја води Република Македонија, претставува збир на мерки и активности во повеќе области, како што се: социјалното осигурување, работните односи, трудот, здравствената заштита, детската заштита, па вклучувјќи ја и социјалната заштита и преку тоа се влијае на општествената положба на граѓаните, рамноправноста и хуманизмот и унапредување на социјалните дејности.

Денес со Предлгот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита Владата на Република Македонија, спроведувајќи го својот концепт за социјална политика предлатга одредени решенија во делот на социјалната заштита, за кои на прв поглед, можеби и неможе да се свати дека се вршат битни и значајни промени, но јас мислам дека се вршат многу битни и многу значајни промени и тоа поради следното:

Прво, единиците на локалната самоуправа, односно општините и градот Скопје се задолжуваат да организираат и да обезбедат социјална заштита. Со спроведување на обврската за децентрализација на власта не само што се врши усогласување на овој Закон со Уставот на Република Македонија, туку може да се очекува дека ќе се подобри и квалитетот и ефикасноста на социјалната заштита

затоа што локалната власт преку своите институции многу полесно и поточно може да ги согледа состојбите и потребите во сверата на социјалната заштита во својата блиска средина и потоа да презема соодветни мерки преку кои ќе влијае во насочување и опфаќање на лицата кои се нашле во состојба за потреба од социјална заштита.

Второ, според мене не помалку значајно од пренесувањето на надлежностите во локалната самоуправа се изменувањата и дополнувањата на Законот со кој се овозможува здружение на граѓани и физички лица да вршат работи во обласга на социјалната заштита.

И покрај тоа што сум свесен дека ваквото решение може да предизвика одреден скептицизам поради одредени сваќања кои водат кон тоа дека не е можна деинституналнзација и приватизација во сверата на социјалната заштита во целост го подржувам овој потег како одлучен и храбар, кој отвара нови визии и перспективи за подобра социјална заштита.

Ваквата одредба произлегува пред се заради следното.

Невладиниот сектор иако се смета дека е многу значаен чинител во општеството досега повеќе ја имаше вербалната поддршка без конкретни можности, или со многу мали можности утврдени со закон да извршуваат работи со кои ќе се дополнуваат институциите на системот. Сега, во сверата на социјалната заштита ќе има можност да се вршат одредени работи, како што се домашна нега и помош на поединци и семејства кои што се дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисниците на социјална заштита, едукација, советување и стручна подготовка на лица изложени на социјален ризик, советување и обука на волонтери, социјални услуги на лица и семејства изложени од социјален ризик, социјална превенција, истражување на социјални појави итн. и тн.

Уверен сум дека здруженијата на граѓаните ќе можат успешно и квалитетно и ефикасно да ги вршат овие работи и сето тоа во согласност со Законот за социјална заштита. Вклучувањето, односно овозможувањето физички лица да вршат советувалишна работа, како и домашна нега и помош на поединец и семејство под одредени пропишани услови значи оживотворување и на определбата за вклучување на приватната иницијатива во сверата на социјалната заштита.

Се надевам дека ова е само еден почеток и во иднина очекувам дека приватната иницијатива ќе заземе уште позначајно место во социјалната заштита. При ова не можам а да не спомнам за непишаното правило дека приватната иницијатива секогаш е поефикасна од државната.

Трета работа за која сакам да говорам се однесува на битната и значајната промена на предлогот за донесување на законот. Со пропишувањето на можноста за отворање на дневни центри за прифаќање улични деца, за лица кои употребуваат односно злоупотребуваат droги и други психотропни суптанции, за лица кои злоупотребуваат алкохол, како и центри за бездомници и жртви на семејно насилство. Ова во голема мера ќе придонесе за надминување на некои состојби кои не се така ретки во секојдневието. И во овој дел до израз доаѓа одлучноста и доследноста за оживотворување на новите иницијативи овозможени со овој Предлог за донесување закон кои значат дека како основач на новоустановените центри можат да бидат и јавни, но и приватни установи за социјална заштита.

Почитувани пратеници,

Ова се главните причини поради кои пратеинчката група на СДСМ се определи позитивно да ја оцени потребата од донесување на овој закон.Се надевам дека предлагачот при изготвувањето на Предлогот на законот ќе ги има предвид конструктивните забелешки изнесени во комисиските расправи пред одржувањето на оваа седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министре,

Јас денеска навистина сакам да ја искористам оваа можност, овој  Предлог закон за социјална заштита да го пренесам духот и грижата на ромската заедница во Република Македонија, на кои сметам дека дефакто им е најпотребна социјалната заштита.

Би сакал само со неколку минути да се осврнам на минатото. Ромите во минатото најмалку беа привелигирани за да коректно ги корситат правата во однос на социјалната заштита и правата во однос на социјалната помош и во обратен случај. Дури и администрацијата со нив се однесуваше доста маргинализирано . Морам најискрено да ги пренесам моите задоволства во однос на говорот на министерот и сакам јас лично да му поверувам во однос на тоа што го изнесе и во однос на неговата екипа односно кабинетот што го подготвил овој предлог на закон, каде што се прашувам и самиот себе и мојот народ се прашува дали може уште еднаш да се поверува на Министерството за труд и социјална политика дека нивната

администрација коректно ќе се однесува со ромската заедница и дека ќе им се помогне во нивните бази. Тоа е едно сериозно прашање.

Во однос на трите форми кои што ги изнесе министерот за содржината на овој закон - цивилниот сектор, приватниот сектор и цивилните луѓе кои што ќе се вклучат во овој предлог на закон сметам дека тоа е еден комплетен тим на кој што можат граѓаните, односно и ромите да се надеваат дека ќе имаат нови содржини и нови сопствени асоцијации, односно невладиниот сектор на кој што можат директно да се вклучуваат во нивната севкупна помош.

Она што најповеќе мене ме загрижува во однос на овој закон е повторно со почит големите ингеренции на локалната самоуправа, односно на градоначалникот, на кој што ние и денес и во минатото можеме да се сретнеме со големи искуства дека особено локалната самоуправа на ромите најмалку помага во фундаменталните потреби. Тоа дефакто се покажува дека во Република Македонија, токму тој сектор, ромите се оставени на маргините на нивната егзистенција, без инфраструктура, без вода, без основни услови за живеење. Токму од тие причини јас се повикувам и на аргументацијата која можеме да ја сносиме во иднина дека доколку локалната самоуправа навистина не се сконцентрира да ги почитува ромските потреби кои што се нужни за ромите како граѓани на оваа држава, да ги почитуваат нивните проблеми и да им помагаат во решавање на нивните проблеми сметам дека навистина многу ќе попречиме во однос на објективното решавање на ромските потреби во Република Македонија, за кои што ви тврдам дека се алармантни токму од таа страна, од социјалната страна. Ромите постепено, но сигурно, ве уверувам дека дури се наоѓаат во потешката, најтешката позиција.

Затоа, уште сега во однос на дополнителните законски норми како што ги најавува министерот, би сакал да се повикува на мојот денешен говор, да основаме посебни законски норми со кои навистина можеме да им помогнеме на таквите заедници кои се загрозени во Република Македонија и со кои објективно ќе пристапиме кон нивната проблематика.

Во однос на приватниот сектор кој што е вклучен, со гордост можам да кажам дека во Република Македонија имаме голем број на невладини ромски организации, речиси една цела индустрија, но и таму треба да се селектира. Критериумите на Предлог законот за социјална заштита се доста прецизни и во таа смисла сметам дека токму во тој правец можеме со невладиниот сектор да помогнеме за базичните потреби на ромската заедница.

На крајот, сакам да истакнам дека со задоволство ќе го дадам мојот глас за овој Предлог закон за социјална заштита, но со една сериозна обврска на ова министерство дека многу сериозно и многу чувствително ќе се зафатиме за ромските проблеми, бидејки тврдам дека во Република Македонија меѓу најсиромашните насиромашни се од ромската заедница и дека токму од овој Предлог закон најголема потреба има ромската заедница. Тврдам дека досега привилегиите од ова поле, од социјалното поле Ромите најминимално ги имаат користено, па во таа насока барам најсилна одговорност на ова министерство да се соочи со ромската проблематика.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, благодарам за вашето трпение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Господине министре, колеги пратеници,

Многу е тешко да се излезе надвор и веднаш да се каже дека треба да се пофали некој закон, бидејки ние како позиција претпоставуваме дека треба да ги подржуваме законските проекти на Владата. Меѓутоа, со големо задоволство сакам да го пофалам донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита и сметам дека Министерството за труд и социјална политика направи вистински чекор, бидејки реагираше брзо и ефикасно на сите промени кои настануваат со измените на Законот за локална самоуправа и со реакциите кои што ги направи со донесувањето на измените во Законот за социјална заштита. Исто така, сметам дека со овој тренд на брзо донесување на нови законски проекти и решенија се фаќа чекор и со хармонизација со европското законодавство, се фаќа чекор со европскиот тренд, бидјеки сега ова што го содржи овој закон е карактеристично и за институционалното решавање на проблемите во Европа и на европските закони од оваа сфера.

Јас ќе се задржам само на еден сегмент кој што се однесува на овој закон она што ми направи најголем впечаток, што е навистина новина во законот, а тоа е член 16 или член 71, кој се однесува на формирање на дневни центри за улучни деца и деца на улица, за дневни центри за лица кои злоупотребуваат droги и психотропни супстанци, дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од алкохол, центар за лица за бездомници и центар за лица жртви на семејното

насилство, бидејќи сметам дека ова е токму тој член што не воведува со овој закон во истите параметри што ги имаат европските институции или европското законодавство.

За дневниот центар за улични деца, деца на улица веќе беше многу кажано уште со законот кој пред неколку дена беше овде во собраниска процедура, кој што се однесуваше на заштита на децата и мислам дека е вистински чекор што овој член е влезен во овој закон, а за дневните центри за лица кои злоупотребуваат дроги ипсихотропни супстанци, сметам дека најважна е превентивната улога која што ќе ја има, бидејќи другите и досега на некој начин функционирале.

Дневни центри за лица кои злоупотребуваат алкохол и за лица за бездомници, тоа е еден европски тренд, бидејќи многу е карактеристично што во Европа сега многу се посветува внимание на бездомниците и оние кои се лекуваат од алкохол и кои злоупотребуваат и за тоа треба уште еднаш да се поздрави.

Меѓутоа, иако реков дека многу кратко ќе се задржам, би сакала да се задржам на центрите за лица жртви на семејното насилство, бидејќи на овој проблем до сега најмаку е посветено внимание, барем од страна на Министерството за труд и социјална политика, а најголем интерес за оваа сфера до сега сме имале од невладиниот сектор, кој што последнава деценија многу активно работи во оваа сфера и се грижи за оваа дејност. Затоа, сметам добро е што законот е во прва фаза и во овие меѓуфази, меѓу првата и втората фаза на донесување на законот многу ќе може да се направи со заедничко координирање на активностите меѓу Министерството за труд и социјална политика и невладиниот сектор, кој што има големо искуство во оваа сфера.

Зошто сакам повеќе да се задржам на Центарот за лица жртви на семејното насилство? Бидејќи кога станува збор за семејното насислство, според сите анкети и податоци кои што ги имаме, станува збор за насилство врз жените, бидејќи 84% од жртвите на семејното наследство кои ќе бараат заштита во овие центри за лица жртви на семејното насилство се жени. Тука треба да се стави посебен акцент, бидејќи ние како транзиционо општество, како и сите останати општества во транзиција, процентот на семејното насилство, особено насилството врз жената, многу е зголемен во последната деценија. Според статистиките што ги направил невладиниот сектор, според тркалезните маси, работилници, па и сите одржани активности во таа сфера, имаме констатација дека секоја четврта жена е злоставувана на некој начин. Дали психички, физички, сексуално или економски секоја четврта жена е злоставувана и тоа е навистина голем проблем.

Се надевам дека со овие центри за лица жртви на семејното насилство ќе се реши овој проблем, меѓутоа, тука станува збор за советодавни улоги, за згрижување и прифаќање на лица на дневна основа, а нам во оваа насока, кога станув азбор за тоа, ни требаат центри кои ќе бидат заштитни центри за подолготрајно згрижување на тие жени жртви на семејното насилство во заштитени тајни куќи, каде што навистина ќе можат да се ослободат од насилниците кои им го уништуваат животот. Тоа не е практика која треба да се преземе само во Република Македонија, во Европа и светот тоа трае со децении, каде што постојат заштитени куќи во кои се згрижуваат жените што се жртви на семејното насилство и кои можат во тие заштитени куќи да се погрижат и за своите деца и за својата подоцнежна иднина, бидејки навистина не престанува животот со насилството кое што се врши над жената во семејството само во еден момент.

Во таа насока, секако меѓу првата и втората фаза ќе се организираат разни кампањи, групи за самопомош, тренинг групи, како што веќе работи невладиниот сектор. Се надевам дека Министерството за труд и социјална политика ќе се вклучи во овие активности и дека со заедничка работа може да се добие поголеми и позначајни резултати во оваа сфера. Бидејки е во подготовка законот против семејното насилство, мислам дека конечно дека оваа сфера ќе престане да биде на маргините на општествената јавност и ќе дојде во сферата на интерес на целокупната макеоднска јавност, не само на невладиниот сектор, не само за жените бидејки станува збор за еден сериозен проблем.

Значи, кога станува збор за овие центри за лица жртви на семејното насилство мислам дека тука навистина ќе треба да превземеме поголема активност и да го дефинираме и разрешиме овој проблем еднаш за секогаш, конечно и позитивно, онака како што се работи во Европа и како што е европски тренд на решавање на овој проблем и институционално и законски.

На крајот, бидејки нескам веќе да го задржувам вашето внимание, сметам дека треба да се подржи првата фаза на законот во оваа сфера и дека во втората фаза навистина ќе имаме законски проект со кој ќе можеме да се гордееме бидејки навистина ќе претставува еден закон кој во многу точки ќе биде близок до европското законодавство.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Шапуриќ, вие сте на ред сега.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Република Македонија со донесувањето на првиот плуралистички Устав од 1991 година се определи за развој на парламентарна демократија и развој на системот на локалната самоуправа, а со тоа задецентрализација на власта. Меѓутоа, по донесувањето на овој Устав, Република Македонија стануваше се поцентрализирана земја. Ова траеШе се до доенсувањето на уставните амандмани во 2001 година и се до донесувањето на Законот за локална самоуправа во 2002 година. По ова процесот на децентрализација се интензивираше, со што овој Парламент, а и оваа Влада јасно ја покажа својата волја за спроведување на децентрализацијата на власта, која е еден од условите за приближување на Република Македонија кон Европската Унија, бидејки сите евентуални сугестии доаѓаат во поглед на децентрализацијата на власта. Имавме пример и кога претседателот на Европарламентот се обрати и тој исто така укажуваше на интензивирање на овој процес. Овој процес навистина е во тек и веќе е во прва фаза, имавме прво читање на Законот за основно образование, потоа Законот за средно образование, каде што исто така беше предвидена децентрализација на власта, потоа Законот за култура, Законот за занаетчивство, за угостителска дејност и некои други закони, со што навистина покажуваме дек аодиме со крупни чекори во овој процес, по 12 годишен застој.

Овој Закон за социјална заштита, кој заедно со Законот за детска заштита што веќе е доставен до Собранието и се наоѓа во собраниска процедура, ќе претставува отпочнување на еден интензивен и радикален процес на децентрализација на власта во социјалната сфера и трансферот на надлежностите од државата на општините.

Почитувани пратеници, компаративната анализа на европските земји во поглед на дистрибуцијата на надлежностите меѓу централната и локалната власт во социјалната сфера покажува дека според ова земјите во Европа може да се поделат во три групи.

Во првата група на земји, во кои досега припаѓаше Република Македонија, речиси сите надлежности во социјалната област се во рацете на државата, а општините имаат некои минимални надлежности или немаат речиси никакви надлежности. Но притоа треба да напомнеме дека се работи само за неколку земји во Европа.

Во втората група на земји постои извесен баланс меѓу локалната и централната валст, при што доминацијата на надележностите во оваа сфера е во рацете на централната власт.

И во третата група на земји постои висок степен на децентрализација на власта во оваа сфера и општините имаат големи надлежности.

Со усвојувањето на овој закон, како и со веќе споменатиот Закон за детска заштита, Република Македонија ќе се вброи во оние земји со највисок степен на децентрализација на валста во оваа сфера, со прилично широки надлежности на локалната власт, како што се присутни на пример во Скандинавските земји. Сер азбира, постои извесна разлика во начинот на финансирањето, бидејки според овој Закон, а и спроед другите закони каде што е предвидена децентрализација предвидено е во прв период да има одредени дејности кои ќе се децентрализираат, како што е и со социјалната сфера, пред се и во најголем дел да се финансираат со блок трансакции од централната власт.

Јас лично очекувам дека децентрализацијата на власта и редистрибуцијата на надлежностите меѓу централната и локалната власт ќе овозможат поефикасно вршење на надлежностите од оваа сфера од страна на општините, кои сепак многу подобро ги познаваат локалните прилики од централната власт, што ќе биде во интерес на општините, пред се на граѓаните во самите општини.

Но, почитувани пратеници, децентрализацијата во оваа сфера ќе биде и во корист на централната власт која ќе ги растовари носителите на функции во централната власт од секојдневните тривијални обврски, што ќе овозможи носителите на функциите на централната власт навистина да се посветат на стратешко развојнит еконцепти и да ги напуштат оние, условно да кажам надлежности кои природно им припаѓаат на општините. Замислете, во оваа област минситерот се занимаваше со именвуање и разрешиување на одборите, директорите во 200 градинки и околу 100 други објекти односно установи од сферата на детската заштита или пак социјалната заштита, а притоа е јасно дека не може да ги извршува тие работи, бидејки тоа ќе може многу подобро да го прави локалната власт. Притоа, се разбира, надзорот, нормативите и останатите работи ќе останат во рацете на централната власт.

Како што неколку пати беше потенцирано, бидејки се работи за прва фаза, би сакал да потенцирам дека преземањето на новит енадлежности од страна на општините во социјална сфера ќе значи и зголемвуање на нивната одговорност. Тие преземаат, почитувани пратеници, огромна одговорност и огромни задачи. Беше

поставено прашањето , на што министерот одговори дека очекува, односно дека општините и пред 1990 година ги имаа овие надлежности и логично е да се очекува дека успешно ќе ги извршуваат. Беше поставено прашањето и во комисиските расправи што ако општината, како што е случајот со Општината Охрид или некои други општини, едноставно нема средства. Барем за првиот период, во оваа фаза, мислам дека се предвидени блок грантови или блок дотации наменски, така што нема да се загрози извршувањето на функциите во социјалната сфера. Меѓутоа, јас би сакал да кажам дека сепак државата односно централната власт преку Министерството и другите органи во состав на Министерството треба да предвиди засилен надзор на извршување на надлежностите во социјалната сфера и една сугестија - позитивно да го разработи начелото на супституција на надлежностите, односно и покрај сите овие работи што ги кажавме, во конечниот текст на законот да го разработи начелото на супституција, што значи преземање на надлежностите од страна на државата во случај кога една општина не ги извршув аовие надлежности од објективни, субјективни и било какви причини, или пак не ги извршува квалитетно и во согласност со стандардите утврдени во законските и подзаконските акти. Би кажал дека во една навистина ваква важна сфера на човековото живеење, и покрај тоа што добивме уверување дека нема да постои опасност од вакуум, сериозно треба да се разгледа оваа можност на супституција на надлежноста, се разбира во одредени строго специфицирани случаи, за да не се претвори во сосема друга крајност, централната власт да може секогаш кога ќе процени, без оглед дали условите во законот се исполнети, да ги презема тие надлежности. Европските земји го имаат разработено детално ова начело на супституција на надлежностите, особено во важните сфери како што е социјалната сфера и здравствената сфера.

На крајот би сакал да кажам, почитувани пратеници дека со овој закон, како што беше кажано, се врши и според другите закони , усогласување со Законот за локална самоуправа. Значи еден специјален посебен закон, лекс специјалис се усогласува со општиот, генералниот закон, а не обратно. Зошто го велам ова? Во последно време во овој Парламент, а и од одредени носители на извршната власт се кажуваат некои опасни тези дека во случај на некое недоразбирање едноставно ќе го применуваме посебниот закон. Ако би било така, тогаш Законот за локална самоуправа би го усогласувале со овој Закон, а не обратно. Значи некои тези се поставуваат навистина обратно.

Почитувани колеги, јас знам дека и вие знаете дека правото можеби не е егзактна дисциплина како што е математиката и физиката. Меѓутоа, и во правото постојат одредени начела од кои не смее да се отстапува. Хиерархијата на нормативнито поредок, како што е поставено уште од Хелзем, па и од други големи правни  мислители мора да се почитува. Ако хиерархијата на нормите во правниот поредок не се почитува - тоа е исто како за колегите од техничката струка законот за гравитација или Паскаловиот закон или некој друг закон да не го почитувате.

Затоа, мислам дека треба да се престане со таквите тези дека во случај на нејаснотии ќе го применуваме специјалниот закон. Па зошто ни е тогаш генералниот, општиот системскиот закон. Ние ќе имаме еден системски закон и потоа со низа други посебни закони ќе го разводниме во праксата, ќе го смениме. Имаме закон кој ја регулира организацијата на органите на државната управа.
Меѓутоа, имаме обиди и затоа Владата, пред се Службата за законодавство во Владата треба да поведе многу сметка со одредени посебни закони формира органи. Во законот со кој се утврдува организацијата на органите на државната управа дадени се прецизно министерствата, инспекциите и другите органи. Значи, не можеме со некој закон за култура да формираме инспекција и да го погазиме овој закон. Можеби го избираме полесниот начин, бидејќи системските закони најчесто, не мора секогаш, се донесуваат со квалифицирано мнозинство, па ова ни е, условно да кажам, полесен пат. Меѓутоа, на крајот на дискусијата, ова е добра прилика, бидејќи е добар пластичен пример, дека посебниот закон, лек специјалис мора да се усогласи со лекс генералис со општиот закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе, господине министер, колешки и колеги пратеници,

Законот за социјална заштита од 1997 година и ситните измени од 2000 и 2002 година, со измените и дополнувањата кои се нудат со овој предлог за донесување на овие измени и дополнувања, навистина доживува комплексна измена, добива нов облик, ново руво и антиципира одредени нови видови на социјална грижа, или нови облици на делување во социјалната заштита.

Бидејќи беа кажани многу работи кои се однесуваат на овој закн, дозволете ми низ призмата на моето гледање на овој предлог текст да кажам неколку генерални забелешки.

Дел од измените и дополнувањата произлегуваат од донесувањето на новиот закон за локална самоуправа со кој овој закон за социјална заштита треба да биде соодветно усогласен и тоа во дефинирањето на улогата на единиците на локалната самоуправа во обезбедувањето на правата од социјална заштита за граѓаните на локално ниво. Тоа, предлогот на законот, многу прецизно и конзистентно го уредува, согласно системскиот закон.

За мене е од особено значење вториот вид на измени и дополнувања кои се предлагаат во овој предлог текст на законот, а кои произлегуваат од стратешките цели и потреби постојано да се развира и унапредува областа на социјалната заштита. Тоа компатибилна на времето и условена од некои социо патолошки појави кои во својата генеза имаат белег на транснационалност.

Вклучувањето на здруженија на граѓани и физички лица во вршење на определени активности во социјалната заштита ќе овозможи побрз процес на деинституционализација и со тоа исто така ќе се создадат услови за уривање на одредени бариери и секако предрасуди спрема лица од одредени категории на социјален ризик и лица социјално исклучени.

Особено го поздравувам моментот што низ целиот текст на законот се применува терминологија која, патем речено во Европа и во светот се применува добар број години наназад за граѓани од одредена категорија на попреченост и поради тоа во социјален ризик согласно настојувањата на современата наука и нејзините применети дисциплини на база на принципот на недискриминација и хуманизација на односите помеѓу поединци и групи во целокупната општествена структура.

Во однос на првиот дел на измените кои ги спомнав во однос на единиците на локалната самоуправа при планирањето како да се оствари социјалната заштита на сите категории на граѓани кои ги третира новата Глава ИВ од предлог текстот и за која беше зборувано многу децидно се изјасни госпоѓа Митевска - Петрова со дополнувањето преку новите поглавја во однос на единиците на локалната самоуправа согласно ингеренциите кои ги добива од системскиот закон може да донесе сопствени програми согласно сопствените можности и постојано да го надградува сопствениот капацитет за решавање на социјалната проблематика и тоа да ги усогласува со специфичните потреби на локално ниво или на регионално,

зошто да не, согласно сопствениот локален социо економски амбиент, состојбата на локалната јавна свест за прашањата за кои изворно потекло е состојбата во таа средина и заедница и за потребата од решавање на оваа проблематика.

Јас се надевам дека во роковите предвидени со овој закон и со Законот за локална самоуправа државата во од ќе разрешува одредени проблеми со кои се соочува сега и кои директно условуваат и генерираат одредени состојби кои условуваат потреба од социјална заштита.

Во контекст на подигањето на нивото на јавната свест, би кажала дека малку е спомната волонтерската работа и тоа како една од обврските на центрите за социјална заштита како со една алинеја во постоечкиот закон од 1997 година е спомнато.

Особено ова во споредба со развиениот свет има особено развиени облици и форми преку кои истата се практикува.

Во овој контекст би кажала дека, имајќи го предвид фактот што локалната самоуправа ќе презема надлежности и во образованието и во социјалната заштита во последнователните подзаконски акти и актите на новоформираните институции, без разлика дали ќе биде основач Владата или здружение на граѓани и физички лица на извесен начин може да се потенцира волонтерската работа во која би била вклучена особено младата популција.

Четвртата глава точката 4. или поточно членот 71, да не ги повторувам поднасловите, беа сосема децидно објаснети, обезбедуваат покриеност во облиците на социјалната грижа и во процесот на ресоцијализација и реинтеграција. особено тука би го потворила моментот на волонтерската работа која може да одигра значајна улога и во тој правец една моја сугестија малку повеќе да се размисли.

Другата би била во некоја втора или трета фаза на имплементација на овој закон во однос на актите кои ќе мора да ги имаат и спрема нив да се однесуваат новоформираните институции, без разлика дали ќе бидат организационен дел на институции чиј основач ќе биде Владата и здружение на граѓани и физички лица, сепак мислам дека има простор, вака една поширока дистрибуција на надлежностите и вклучување на другите органи на локалната самоуправа односно на единицата на локалната самоуправа, заради вкупната демократизација на односите во оваа сфера и паралелно на тоа во функција на процесот на деинституционализација.

Исто така би сакала да го поздравам моментот што со подобрување на одредбите од законот се подржува можноста за приватна иницијатива во социјалната заштита. Со ставањето на истата во правна рамка која овој закон ја обезбедува се овозможува да се стави во функција огромного знаење, вештини, умеење и стручност на огромен број на кадри кои во моментот немаат ангажман од областа на хуманитарните науки.

Исто така тука би сакала да потенцирам еден друг момент, овој закон е навистина од пошироко значење и веќе предизвика внимание во јавноста особено кај здруженијата на граѓани по прашањето на дневните центри за кои и останатите колеги малку повеќе зборуваа.

Јас се надевам дека стручните служби од Министерството за труд и социјална политика ќе бидат на располагање за помош на овие здруженија во дообјаснување на одредбие од овој закон и можеби периодот од првата во втората фаза би можел да се искористи за задоволување на овој интерес.

Јас го подржувам овој предлог за донесување на овој закон и за истиот ќе гласам позитивно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, колешки и колеги и претставници на Владата,

Бидејќи до сега слушнавме поголем дел пратеници од позицијата, го испофалија законот, тоа е секако во ред, меѓутоа, да не ја заборави опозицијата својата улога на коректор на власт, дозволете ми и мене да кажам неколку збора, секако нема само да критикувам, ние знаеме и да пофалиме нешто што е добро.

Прво што би пофалила е што еден ваков системски закон оди во редовна постапка и што ќе имаме можност и ние пратениците, а секако и пошироката јавност оние што се стручни и компетентни во оваа област да го кажат своето мислење, а сето тоа во функција на подобрување на законското решение затоа што во последно време некако практика е во Собранието на вакви закони да одат по итна постапка и пратениците немаат можност пред пошироката јавност повеќе да дебатираат за таквите закони.

Друго што би кажала тоа е по обемот на измените на овој предлог за измени на законот. Јас лично мислам дека обемот на измените кои се предлагаат се

навистина големи и моето лично мислење е можеби требаше Владата односно министерот за труд и социјална политика да оди со ново засконско решение, пред се, од практични причини, секако би ги пренеле добрите решенија што ги содржеше стариот закон. Тоа е само мое лично мислење.

По однос на потребата од донесување на ваков предлог закон таа е евидента и стои, значи, неопходно е да се донесе овој закон, меѓутоа, кај мене се појавува едно прашање дали можеби е преурането донесување на овој предлог за измени на законот. Од кои причини? Од причини што со овој закон се децентрализираат надлежностите од Министерството на локалната самоуправа, меѓутоа, ние сеуште не сме донеле некој системски закон кој е во правец на децентрализација односно не е извршена територијалната поделба на општините, а нешто што е многу поважно за овој закон не е донесе законот за финансирање на општините кој, според мене, е многу важен и пресуден за општините односно за локалната самоуправа при преземањето на вака обемни обврски од оваа сфера.

Дали можеби требаше да одиме паралелно со донесувањето на законските регулативи односно со територијалната поделба и општествените станови донесување на законот за финансирање на општините да оди паралелно и овој законски проект.

Децентрализацијата секако мора да се отвори и тоа е процес кој треба да трае и од тој аспект мислам дека тајмингот на овој закон е преуранет.

Друго прашање кое ми се наметнува е финансирањето. Зошто? Затоа што претходно кажав сеуште немаме донесено закон за финансирање на локалната самоуправа односно на општините.

Во предлогот се вели дека дел од средствата ќе одат со блок трансакција од буџетот, а дел од средствата ќе бидат од буџетот на општините. Ние сеуште не сме ги дефинирале како општините ќе ги формираат своите буџети, не сме донеле закон. Се се плашам дека овој временски расчекор што ќе ни се појави до донесувањето на ваквиот закон да не предизвика потреси во оваа и така многу чувствителна сфера.

На пример општината Охрид од која јас доаѓам моментално е со блокирано жиро сметки и со огромен долг. Се прашувам како мојата општина ќе успее да се справи со сите обврски што ќе произлезат од ова законско решение. Не велам дека решенијата се лоши, решенијата се многу добри, меѓутоа, по однос на тајмингот дали сега е точното време на општините да им ги наметнеме овие

решенија пред самите да се устројат и бидат подготвени за преземањето на ваквите обврски.

Нешто околу финансирањето во делот на трансакцијата која ќе оди од Буџетот. За мене останува отворена рамката за наменското користење на средствата кои ќе бидат трансферирани од буџетот за сферата на социјалата, а прашањето кое останува незатворено е што ако средствата се трошат ненаменски. Министерот се потруди да образложи дека средствата ќе се трошат наменски, јас не се сомневам во тоа, меѓутоа, некако не ми е решено што ако тие се користат ненаменски, дали корисниците ќе останат со празни раце. Тоа би било околу моите видувања од сферата на финансирањето во оваа област.

Да бидеме јасни дека и сега најголеми трансфери од буџетот на Републикат одат во сферата на социјалата, значи се работи за големи средства и ние не можеме доволно да ги покриеме сите потреби од социјалната сфера со оглед на можностите на државата и состојбите во кои се наоѓа нашата држава и затоа кај мене се појавува оваа скепса дали локалната самоупра ќе успее да се носи со сиот товар кој сега ќе и го наметнеме со овој закон. Уште еднаш ќе потенцирам не затоа што се работи за лоши законски решенија, решенијата се добри, меѓутоа, општините сеуште не се подготвени да можат да дадат максимум во оваа сфера. Тоа можеби ќе биде подобро откако ќе се донесат оние закони за кои претходно зборував.

Во овој временски тајминг јас се сомневам дека ќе се појави скепса кај корисниците на услугите, што за мене е многу разбирлива при ваквото трансферирање на надлежностите од државата на локалната самоуправа, корисниците ќе се прашуваат дали можеби во ова трансферирање ќе загубат дел од своите права, дали ќе бидат задоволени сите нивни барања, бидејќи ова е процес кој секако ќе изроди некакви недоразбирања, недоречености и некакви проблеми и јас се надевам дека Министерството ќе ги следи ваквите појави и брзо и благовремено ќе реагира на сите оние недоречености кои ќе се појават во практицирањето на овој закон и благовремено и брзо ќе се решат таквите проблеми за да не се зголемува скепсата кај корисниците на овие услуги дека можеби дел од нивните права ќе бидат загрозени или загубени.

Разбирливо е дека при носењето на ваквите системски закони не може секогаш идеално да се реши, ќе останат некои прашања отворени и недорешени и тука се надевам дека Министерството брзо и ефикасно ќе реагира, инаку предлогот ценам дека е солиден освен за она што зборував временскиот тајминг кој за мене останува како скепса дали е токму моментот.

Инаку, јас личнмо и колегите од Либералната партија ќе го подржиме донесувањето на овој предлог и ќе дадеме придонес во изнаоѓање на посоодветни решенија кога ќе дискутираме за текстот на законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колеги пратеници, има пријавено 8 дискутанти, но координаторот на Пратеничката група на ДУИ ме замоли поради нивните неодложни активности како парламентарна група да направиме пауза сега од 12,оо до 13,оо часот. Имаме уште пет минути, госпоѓа Силвана Бонева има збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам господине претседателе,

Би сакала накратко да го искажам ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во врска со предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за социјална заштита.

Бидејќи овој закон е во функција на децентрализација на власта и измените и дополнувањата кои се донесени произлегуваат од новиот закон за локална самоуправа, ќе го подржиме овој првичен предлог на закон и ќе гласаме за, бидејќи со него се пренесуваат основачки права и обврски на локалната самоуправа, во однос на домовите за згрижување на стари лица како и пренесување на центрите за дневно и привремено згрижување на граѓани кои се изложени на социјален ризик.

Новото во законот е вклучувањето на здружение на граѓани и физички лица во вршењето на определени работи во социјалната сфера, исто така и тоа го подржуваме.

Понатаму, деинституционализацијата која продолжува со давањето можност за формирање на поголем број односно на повеќе облици на центри за дневно и привремено згрижување на лица со социјален ризик и социјално исклучиви лица за кои навистина е огромна потребата.

Колегите пред тоа зборуваа за потребата од ваквите центри.Јас сосема накратко лично мои видувања за потребата од овие центри. Навистина решенијата кои што се дадени за дневните центри за улични деца навистина се од огромно значење, бидејќи огромна е потребата за нив. Со тоа ќе се овозможи децата да се тргнат од улица и да им се помогне во нивната ресоцијализација. Понатаму посебно се интересни и дневните центри за лица кои што употребуваат droги и тоа не само за нив, туку и за нивните родители и члeновите на нивните семејства. И, тоа е место каде што можат тие да се ресоцијализираат, а во исто време да се помогне на

семејствата кои што се трауматизирани и кои што не знаат како да се снајдат во тие моменти. Особено интерсен е и дневниот центар за лица кои што злоупотребуваат алкохол, бидејќи досега полицијата не знаеше навистина што да прави со овие лица и најчесто ги сместуваше, ги носеше во одделенијата за нервни и душевни болести, посебно во помалите места, а со тоа се реметеше работењето и на овие одделенија. И овде посебно интересно е тоа што ќе се работи на нивната ресоцијализација и за помагање на семејството, за советување, едукација. И, во Законот, веќе зборуваше г-ѓата Елеонора за центрите за жртви на семејно наследство и тука не би сакала да ви одземам време. Меѓутоа, посебно е интересен и дневниот центар за лица со посебни потреби кој што верувам дека ќе им го олесни животот на семејствата кои што имаат лица со посебни потреби. А посебно тука можат во овие центри тие да се оспособат за живот преку работно, производно нивно ангажирање. Значи, има добри решенија во Законот кои што ние како опозициона партија ги поддржуваме. Меѓутоа наша забелешка во врска со овој закон е тоа што сметаме дека овој закон требаше да се разгледува паралелно со Законот за финансирање на локалната самоуправа и требаше да се донесе и Законот за територијална поделба, а посебно значи Законот за финансирање на локалната самоуправа, бидејќи тогаш ќе знаевме со колкав обем на средства ќе располагаат локалните самоуправи и дали сите овие обврски кои што сега,значи, со правата кои што се пренесуваат на локалната самоуправа од нив произлегуваат обврски, дали тие ќе имаат можност, да ги реализираат сите овие во интерес на граѓаните кои што бараат социјална заштита, а посебно поради тоа што се поголем е бројот на лицата кои што бараат социјална заштита. И токму заради тоа сметаме дека требаше овој закон да се разгледува заедно со Законот за финансирање на локалната самоуправа. Тоа нека биде и еден апел од наша страна во наредните фази да се побрза, па може би ќе ги добиеме двата предлози барем во наредните фази за да можеме поконкретно да видиме што е тоа со што располага локалната самоуправа и дали ќе може да се вклопи во новите обврски кои што и го дава овој предлог на Закон за социјална заштита.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 13,00 часот и потоа ќе работиме до 16,00 часот.

(Пауза од 12,00 до 13,05 часот)

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Следниот пријавен дискутант е пратеникот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

На почетокот да истакнам дека навистина има потреба од донесување на измени и дополнувања на Законот за социјална заштита од причини што покрај усогласувањата на овој закон со Законот за локална самоуправа што произлегува од амандманот 17 од Уставот на РМ. Со овие измени и дополнувања се подобрува социјалната заштита на граѓаните со создавање на нови облици и форми на дневни центри за дневно и привремено згрижување на социјално досега исклучените лица.

Исто така, со предлогот се нуди вклучување во системот на социјалната заштита и на здруженија на граѓани и физички лица како самостојни вршители на одредени работи, а во социјалната заштита се вклучува и приватната иницијатива што навистина е за поздрав.

После извршените консултации што ги имав со лицата кои што професионално се бават со социјалната заштита, имам две конкретни забелешки со цел да се надминат некои потешкотии што се создаваа со примената на постојниот закон.

Првата е во делот на паричниот надоместок за помош и нега, на членот 31 став 1 од постојниот закон каде по мое мислење оценката и мислењето за потребата од помош и нега да ги дава стручен орган на регионално или општинско ниво, односно комисија формирана од лекари специјалисти од соодветните здравствени организации и стручни лица од центрите за социјална заштита како рамноправни членови во Комисијата што подетално ќе биде регулирано со акт на министерот. Образложениeто за таквиот предлог е следното. Прво, оваа измена се предлага од причини што енормно се зголемува бројот на корисниците на помош и нега, а со тоа и паричните средства за нив и се губи линијата помеѓу потребата од помош и нега и материјалната загрозеност на граѓаните.

Втората причина за предложената измена е во досегашното искуство, може да се каже дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување сериозно не ги земаше во предвид мислењата на центрите за социјална работа при решавањето на поединечните предмети.

И третата причина е матичните лекари досега не беа обврзани ниту материјално, ниту кривично да даваат точни податоци во мислењата при што често се добиваше погрешна слика за барателот. И втората забелешка е на членот 72 од постојниот закон каде е потребно да се регулира дневните центри за лица со посебни потреби, односно на лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот

развој и на лицата со потешки пречки во физичкиот развој да им обезбедат дневно згрижување, работно производна активност, работна терапија и други активности на овие лица заради нивно вклучување во секојднвниот живот и да може да врши оспособување за работна, производна активност. Исто така, предлагам во овој член да се предвиди и можноста производите произволени во дневните центри да имаат комерцијална вредност. Во постојниот закон по мое мислење треба да се регулира исто така, правните лица кои имаат вработено лица со посебни потреби во заштитни работилници и истите да можат да даваат стручна и материјална помош при реализација на активностите обврзани со работното оспособување и работно производните активности во дневните центри. Ова го предлагам од причини што за функционирањето на ваквите проектни активности во дневните центри поврзани со работното ангажирање на лицата со умерени и тешки пречки во психичкиот развој се потребни и дополнителни материјални средства како на пример репроматеријали, опрема и сл., кои можат делумно да се обезбедат преку продажба на сопствени производи и материјална помош од заштитните работилници. Накратко во тоа се состојат моите забелешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Наташа Биковска.

Не е тука.

Следниот дискутант е г-динот Агим Џелили.

Не е тука.

Потоа на ред е г-ѓа Лилјана Поповска. Не е присутна.

На листингот последен дискутант е г-динот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани дами и господа, бидејќи денес е првата фаза од Законот за социјална заштита, ќе има и други фази каде сигурно своето мислење ќе го дадат и експертите за овој закон и ќе има мислење, реакции и од единиците на локалната самоуправа, од граѓанските друштва, асоцијации и можеби и од приватниот сектор. Затоа, ќе дадам само неколку оценки, општи оценки во врска со Предлог законот за социјална заштита. Имајќи ги предвид претензиите на РМ за зачленување во Европската заедница, Владата е принудена да ги прави потребните реформи усогласувајќи ги законите со законите на државите членки во ЕЗ. И овој предлог закон е во врска со реформите во областа на социјална заштита кој што истовремено е во хармонизација со новиот закон за локална самоуправа, или за децентрализација на централната власт. Бидејќи покрај државата како главен играч

како што рече министерот, ќе имаат можност и единиците на локалната самоуправа, невладините организации како и заинтересираните лица да понудат услуги во областа на социјалната заштита. Овие измени ветуваа подобрувања во социјалната заштита. Затоа што инаку актуелната состојба во оваа област е многу тешка, посебно минатата година, значи 2002 година беше тешка, затоа што од информациите што ние ги имаме 26 илјади семејства изгубија право за социјална заштита и беа оставени на божја милост. И од овие мнозинството се албански семејства. Затоа се надевам дека со компетентностите што се предвидуваат да се дадат на секторот на единиците на локалната самоуправа, на Секторот на невладините организации како и на приватниот сектор, значи на заинтересираните индивидуалци дава надеж за поквалитетни услуги и се подразбира ако нема опструкции при имплементирањето, целосно имплементирање на овој закон. Значи, ако овој закон ваков каков што е предложен и нормално со измени кои што ќе следат ако има мислења после оценувањата што ќе ги дадат стручњаците и институциите кои што ги споменав се очекува да се подобри, видно да се подобри квалитетот на услугите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот говорник е г-динот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Дами и господа, почитуван претседателе, почитуван министре,
почитувани колеги пратеници,

Предлогот за дополнување и изменување на законот за социјална заштита е неопходност, но и тенденција сериозно да се пристапи кон оваа чувствителна општествена сфера. Немаштијата и сиромаштијата веќе цела една декада сите класи од ова општество ги допира. Значи, не згрижени стари луѓе, семејства, а во последно време имаме и феномен на питалци и наркоманијата исто така е еден феномен кој што ја допира школската возраст што за нас претставува сериозен проблем како родители. Разведувањата се исто така во пораст. По мое мислење тоа е последица на социјалната, економска ситуација и на семејното насилство, исто така, имаме голем пад на наталитетот.

Почитувани колеги, сите овие општествени девијации мислам дека најдобро ќе можеме да ги надминеме доколку одблиску почнеме да се занимаваме со овие проблеми, еден по еден. Ова најдобро може да го направи кој друг, ако не институциите на локалната самоуправа кои се во директен контакт со сите овие класи во општеството. Токму поради ова, овие предлог измени на Законот за

социјална заштита носат новини во оваа насока, затоа што тука се работи со трансфер на одговорностите и одговорностите на ниво на единиците на локалната самоуправа кои се дефинирани со член 5. Јас би цитирал некои од нив. Значи, може да се понуди, реализира социјална заштита на луѓето со физички недостатоци, на деца без родители, или без родителска грижа, луѓе експонирани на социјални ризици, луѓе кои што консумираат дрога, алкохол, или психотропни супстанци, возрасни луѓе, стари луѓе без семејна грижа итн. Со овие предлог измени меѓу другото се предвидува освен институционалните форми да се вклучат и граѓанските асоцијации и физичките лица, значи во областа на социјалната заштита што претставува новина. Затоа што и во оваа област се поставува елементот на конкуренцијата во понудата, во приближувањето и исполнувањето на стандардите за овие дејности. Меѓутоа имам одредени резерви, затоа што во помалку развиените општини и во помалите општини овие дејности ќе бидат помалку изразени. Затоа не би било лошо доколку се понудат додатни средства од државниот буџет. За мене почитувани колеги претставува посебно задоволство што дефинитивно се отпочнува со децентрализацијата на централната власт кон локалната и тоа се почнува со јавните организации за социјална заштита како што е Домот за старци, дневниот центар за грижа, градинките и тн. Кога се знае дека според членот 20 финансиските средства се обезбедуваат и од Буџетот на единиците на локалната самоуправа со кои таа се обврзува на директен начин да се ангажира околу функционирањето и реализацијата на програмите за социјална заштита на овие горенаведени институции. Овде сугерирам во пракса да имаме помалку технички документи со цел овие луѓе во мака да не се изгубат по разни шалтери каде ние како албанци во минатото имаме едно горчливо искуство.

Почитувани колеги, овие беа некои сугестии, мои лични сугестии и се надевам дека во најмала рака ќе дадам придонес кон професионалниот пристап во разрешување на оваа многу значајна сфера, нудејќи им на граѓаните од оваа категорија поквалитетни услуги како времени, така и во квалитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Пред да ја започнам мојата дискусија ќе ми дозволите во контекст на поголем дел од дискусијата на почитуваниот колега Шапуриќ да го посочам член 22 став 1 точка 7 од новиот закон за локална самоуправа во кој стои: “Општините се надлежни за вршење на работите на социјалната заштита и заштитата на децата” и потоа се наредени сите надлежности.

Сите овие наброени надлежности во член 22 од Законот за локална самоуправа се во согласност со националната програма за развој на социјалната заштита. Меѓутоа, практичната примена на цитираниот член од Законот за локална самоуправа е невозможна без усогласување на одредбите на Законот за социјална заштита, како лек специјалис, со новиот закон за локална самоуправа.

Почитувани пратеници, измените и дополнувањата кои денес се предлагаат се и квалитативна и квантитативна придобивка на сите граѓани, особено на корисниците на социјална заштита, а мора да признаеме дека во РМ тие не се занемарлива бројка. Сето тоа логички следува заради фактот што локалната заедница имплицира постоење на одредена идентификација на нејзините жители со подрачјето во кое живеат, чувство на споделени заеднички интереси и цели, а одредена соработка и свест. Всушност локалната заедница претставува рамка на секојдневно битисување на луѓето на одредено подрачје.

Со новиот член 5-а, поблиску е дефинирана улогата на единиците на локалната самоуправа во обезбедувањето на социјалната заштита на локално ниво, додека со членовите 71-а до 71-д, уште појасно се определуваат услугите на социјална заштита за улични деца т.е. деца на улица, за лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци, за лица кои употребуваат алкохол, за бездомници, за лица жртви на семејно насилство.

Јас би сакала посебно внимание да обратам на член 72 кој се менува и гласи:”Дневниот центар за лица со посебни потреби односно за лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и на лицата со потешки пречки во психичкиот развој им обезбедува дневно згрижување, работно производна активност, работна терапија и други активности на овие лица заради нивно вклучување во секојдневниот живот и може да врши оспособување за работно производна активност”.

Почитувани, доаѓам од општина во која има доволен број на лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој, а немаме дневен центар за нив. До пред две години имаше такви центри на републичко ниво, меѓутоа, истите на соодветен начин не ги задоволуваа потребите на таквите лица.

Во нашата општина ретки се семејствата што ги сместуваат своите деца во такви центри, најмногу заради далечината и разделбата. Сега практично им се овозможува на овие деца, не разделувајќи ги од своите семејства да бидат сместени во средина од која потекнуваат, со што им овозможуваме да бидат прифатени и социјализирани во средината што ја познаваат. Значи ја отвораме можноста за организирање на вакви дневни центри во сите општини, а посебно во оние кои имаат повисок процент на такви лица.

Почитувани колеги, би сакала да потенцирам уште една позитивна новина која се воведува со предложените измени и дополнувања на Законот за социјална заштита односно институционализирање на една форма, доста застапена во практицирањето на социјалната заштита на населението, и покрај разните кадри кои се обучени професионално да ги спроведуваат целите и задачите од областа на социјалната заштита, потребно е да се обрне големо внимание на унапредувањето и развојот на волонтерската работа, како столб на сите наши хумани активности во оваа сфера. Треба да му дадеме поддршка на волонтерството, за поголемо вклучување на луѓето во овие активности. Но, ќе нагласам, како пратеник се залагам, посебна предност да им се даде на самохраните мајки, група која директно е опфатена со социјална заштита во овој вид на ангажирање и очекувам оваа ранлива категорија да најде соодветно место во законот.

Според моите сознанија искуствата во практичната примена во досегашниот закон за социјална заштита покажаа дека дел од измените и дополнувањата на законот се направени како резултат од согледувањето на неговата досегашна примена. Затоа воведувањето на конкурентност на услугите и нивното приближување до граѓаните и локалната заедница се една голема придобивка за сите нас.

Тенденцијата за плурализација односно давање законска можност на невладиниот сектор, здруженијата на граѓани и физички лица да преземат вршење на одредени работи од социјалната заштита се позитивен тренд, што се надевам ќе донесе само позитивни ефекти за граѓаните, корисници на овие услуги.

Почитуван министер, во врска со членовите 11,12 и 13 кои се однесуваат на членовите 51,52 и 53 од постоечкиот закон за социјална заштита каде се определува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа да именува и разрешува директор на установа за социјална заштита основана од општината, моето размислување оди во подруга насока. Имено од мојата досегашна пракса во здравството, од каде најдиректно може да се согледа работата на установите за

социјална заштита, во најголем обем од нивните надлежности, како и од нашите согледувања за одредени пропусти во работата, како и отсутност на иницијатива, ажурност и креативност, сметам дека треба да се изнајде модус за поголема контрола особено над раководните кадри и не само контрола, туку да се воведе систем на отчетност. На што мислам? Мислам дека иститe, не е доволно само пред управните одбори да ги елаборираат своите извештаи за финансиското работење и за завршената работа во изминатата година и програмите за развој и планирани активности за наредната година, сметам дека истото треба да се презентира и брани пред локалните избраници односно пред Советот на општината, со што не само што ќе се ефектуира контролниот механизам на оваа исклучително важна и витална сфера на општественото живеење, туку може да се дадат и корисни идеи и иницијативи од страна на советниците, за зголемување на квалитетот на овие установи, се разбира се во една законска рамка. Оттука следи мојот конкретен предлог, што не значи дека таков треба да биде усвоен, може да се моделира.

Сметам дека директорите на социјалните установи треба да бидат назначени на предлог на градоначалникот кој го има тоа ексклузивно раво, но за именувањето на директорите согласност да дава Советот на општината и потоа сето напред наведено во мојата дискусија станува неминовно. Логиката е уште поголема кога би потенцирала дека основач на установите ќе биде општината.

Иако министерот истакна дека нема причина за страв, јас би сакала потемелно да се размислува за овој трансфер на власта затоа што оваа област е една од најчуствителните во целокупното општествено живеење.

Почитувни пратеници, ова беа моите коментари и предлог сугестии и сосема на крај би сакала да заклучам.

Практично овој предлог на закон зафаќа значаен и можеби најсензибилниот дел од процесот на децентрализција на власта со кој ќе се создадат услови за брзо и квалитетно решавање на социјалните проблеми на граѓаните. Со пренесување на дел од надлежностите од централно на локално ниво, се создавата услови за остварување на нашиот зацртан концепт на локална самоуправа поблиску до граѓаните, согласно Европската повелба за локална самоуправа. Ни се отвара можноста за остварување на правото за непосредно учество на граѓаните во остварувањето на своето уставно право за социјална заштита. Исто така, се создаваат правни механизми за решавање на проблемите од социјалната сфера од страна на локалните претставници на народот.

Го поддржувам донесувањето на Законот, особено во две фази, со оглед на неговата комплексност и сложеност, како и со оглед на чувствителноста на сферата што ја опфаќа, а од сето напред наведено јасна е мојата поддршка во овој предлог закон и воено очеклувам моите предлог сугестии да бидат прифатени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, господа пратеници,

Дозволете ми само накратко да го изнесам ставот и на пратеничката група на ВМРО_ДПМНЕ и на мојот личен став по однос на овој закон.

Веднаш на почетокот да кажам дека овој закон, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го прифати, што значи дека тука немаме разединување.

Самиот факт што денес ни се нуди предлог за донесување за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, самиот наслов зборува дека ова е прва фаза, што е јасно издеференцирано и зборува за фактот дека во нашите дискусии, се ова што овде го кажуваме, во најголем дел излезе, се осврнуваме дали е потребна една ваква иницијава и има ли потреба од еден ваков закон и ако тоа денес го дефинираме, во рамките на она што ни се нуди како текст, даваме обврска на предлагачот со сите овие наши забелешки и со самата поддршка дека во втората фаза треба да дојде еден текст на закон што највеспоред би требало да биде прифатлив од сите пратеници.

Јасни се индициите на предлагачот, а и согласно Законот за локална самоуправа, согласно со сите оние определби за кои сме се определиле дека треба да градиме децентрализација на власта, јасно е дека тоа еден ден ќе мора да ни се случи и добро е, меѓу останатите закони што горе долу ги поминавме оваа година конкретно ни доаѓа еден закон од областа на социјалната заштите, очекувам дека на наредната седница ќе имаме закон за детската заштита што се два комплексни закони, каде, можеби е најизразита таа децентрализација и каде што можеби најмногу се чувствува и целата работа што сега преминува во единиците на локалната самоуправа. Значи, еднаш мора да се почне. Некој велеше еднаш мора да се скокне во ладна вода и така е, меѓутоа, не треба да се запре и да се заврши овде, туку треба да се собере храброст и од Владата како овластен предлагач, во наредниот период да ги очекуваме и оние два суштински закони, а тоа е Законот за територијална поделба и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде без тие два битни закони, и овие да ги донесеме, нема да имаат

којзнае какво значење, затоа што заедно се креирани во еден комплекс на целина, да го дадат резултатот.

Ако кај почитуваниот министер ветениот рок кој го даде како министер кога дојде на чело на овој ресор, дека ќе го испочитува рокот и до Собранието ќе достави еден ваков предлог и тоа е за пофалба, го испочитувал рокот, но би сакал да упатам една сугестија и до другите ресори, оние кои се дел од Владата, тука е Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии и тн., и тие да го испочитуваат рокот и до нас пратениците да ги достават и оние два клучни закони. Сега зошто е пак тоа потребно, затоа што во сите дискусии што имавме прилика да ги слушнеме провејува едно мислење, па и ние го дискутиравме на комисиите дека кај граѓаните се осеќа една сигурност како ова ќе заживаа, можни ли се злоупотреби на финансиските средства, дали се преголеми овластувањата на градоначалниците и сето тоа, нормално отвора теза и дискусија во недостаток на Законот за финансирање на единиците на локална самопуправа.

Министерот кажа дека заштитните механизми по однос на оваа опасност која е објективна, токму се предвидени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, објасни на кој начин ќе оди финансираето, преку блок донации и тн. Меѓутоа, навистина на нас како пратеници ќе ни биде полесно доколку го имаме овој закој. Инаку јасно е дека овој закон се темели на два принципот на децентрализација и принципот на плурализам, што, ако го посматраме законот во целина, навистина е апсолутно изразено. Децентрализацијата е јасно видлива со оние членови кои кажуваат, каде се пренесуваат сите основачки права, поточно оние права кои се регулирани со овој закон во единиците на локалната самоуправа, по однос на оваа материја, нормално во согласност со оние други закони кои таква обврска даваат.

Плурализацијата која навистина доста интересно е застапена во законот е тоа што со овој закон се шири лепезата на оние институции кои треба да даваат социјална заштита. Тоа е можеби една од и сигурно е една од оние новини која на овој закон му дава некое посебно значење што јас и во моите дискусии во комисијата истакнав дека, вака како што е измената со оваа лепеза на еден широк плурализам, можеби заслужуваше овој закон да не биде Закон за измени и дополнувања, туку да биде нов текст на закон затоа што навистина законот е сосема различен од првиот концепт и нуди нешто што досега не постоеше. Меѓутоа да му веруваме на министерот, јас му верувам дека ако некој закон и претходно бил добар, нема потреба да се менува, доволно е да се измени и дополни за да кажеме, дека во

правото имаме еден континуитет на надоградување на правниот систем. Значи одредбите во делот на плурализацијата каде што покрај јавните институции овозможуваме правото на социјална заштита да го остваруваат и здруженијата на граѓаните, физичките лица, приватните друштва, трговски, така наречени една лепеза која во секој случат треба да ја подобри конкуренцијата, но и услугата. По дефиниција, колку повеќе имаме конкуренција, тоа треба да значи една подобра услуга. Меѓутоа во секој случај тоа не треба да го оставиме баш така во слово на законот. Мислам дека во еден период на имплементирање на овој закон, сеуште е потребна една доза на контрола и проверка на тоа како таа заштита се остварува затоа што, до конкуренција навистина не се доаѓа така лесно, сепак треба да преовлада и свеста и знаењето, особено знаењето во оние институции каде што сега им го даваме правото. Да не се доведеме, бидејќи овде прочитавме некои барање за извршувања на некоја дејност, да речеме средно образовние без дефинирање и тн. да не се доведеме во ситуација некои нестручни лица да водат некоја осетлива материја.

Инаку порај овие два принципа кои што навистина се зафатени, во делот на примената, односно земањето на искуствата од европските земји, исто е имплементиран овој закон, тоа мислам дека во секој случај мораше да влезе во законот и добро е што влегува тоа се нели оние членови кои што доаѓаат во член 16 од Законот каде што се утврдува кои се други дневни центри покрај постоечки со овој закон се воведуваат. И тука се нели, дневниот центар за улични деца, деца на улица, дневен центар за лица кои употребуваат, злоупотебуваат дроги и други психотропни супстанци, дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол и да не ги набројувам сите, центар на лица жртви на семејно насилства, затоа што ваквите одредби ги имплементираме и во Кривичниот законик и во другите закони и навистина држат место и овде.

Значи, се насе да не должиме многу јас се надевам дека забелешките кои што ги изнесоа и сите да речам пратеници ќе бидат на некој начин вградени во втората фаза кога ќе ни дојде законот ќе имаме можност и да го водиме и да го разгледаме ако нешто не ни се допаѓа да интервенираме амандмански, но очекувам дека во секој случај ќе имаме ден добар текст и очекувам паралелно со донесувањето на овој закон или пред донесувањето во втората фаза значи на овој закон да ги видиме и Законот за територијална поделба и Законот за финансирање на локалната самоуправа, барем во нивна прва фаза за да имаме претстава што одо овј закон може да се имплементиран.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави минисатерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас би сакал да им се заблагодарам на сите пратеници за конструктивните дискусии, притоа би сакал да се осврнам на неколку од нив, затоа што се исклучително значајни затоа што перспективата што ја нудат пратениците навистина е многу битна за реалното функционирање на овој закон. Пред се тоа се однесува на прашањето на финансирањето на единиците на локалната самоуправа и секако дека држат сугестиите дека овие решенија треба да одат во пакет, тие имено и ќе одат во пакет, затоа што втората фаза на овој закон нема да биде доставена до Парламентот додека претходно не помине првата фаза на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, меѓутоа, ние се определивме да законот го пуштиме во прва фаза, затоа што делот на финансирање на социјалната заштита е комплетно решен и за него меѓуресорските консултации нема воопшто дилеми.

Има уште некои отворени прашања во однос на некои други области кои што ќе бидат завршени во најскоро време и јас се надевам дека веќе наредниот месец ќе биде во Парламентот. Меѓутоа, во делот на социјалната заштита тие дилеми се комплетно разрешени и од таму, иако физички го немаме законот како текст тука, решенијата што се таму предвидени се комплетно усогласени и една позиција на Владата која е веќе завршена и како што рековме, како што појаснив се работи за еден мошне безбеден механизам преку блок дотации, каде што средствата што досега се трансферирале преку Министерството за труд и социјална политика се трансферираат преку општинските буџети. Значи, помалку пари никако нема да има, може да има само повеќе пари. Што значи, овие функции што се вршат сега од аспект на финансиска обезбеденост и понатаму ќе можат да се одвиваат без никакви пречки, затоа што дотокот на финансиски средства ќе биде најмалку идентичен. Тоа се прави преку таканаречената бок дотација. Ако општината сака да инвестира, да гради нов старски дом, да гради нова детска градинка, нов дневен центар, тогаш постои друг механизам на таканаречена капитална дотација каде што општината бара од Владата и Владата одговара на тоа барање. Се разбира постојат и друг тип на дотации, таканаречени наменски дотации каде што за одредена специјална намена, каде што општината ќе побара помош од државата и каде што

оценува врз основа на реалните состојби на таа општина дека одредена социјална група се наоѓа во посебна состојба на ризик и е потребно за неа да се предвидат институционални или вонинституционални аранжмани, тогаш значи Владата го има и тој механизам.

Значи прашањето на финансирање на тој начин системски е одлично решен и усогласен и се надевам, како што реков дека наредниот месец ќе биде и доставен до Парламентот, меѓутоа, она што јас можам да ви го дадам како ветување е дека втората фаза нема да биде доставена до Парламентот пред да помине првата фаза законот за финансирање на локалната самоуправа. И врзано за ова прашање прашањето на пратеничката од Охрид, со мошне пластичен пример на локалната самоуправа во Охрид која што е блокирана и прашањето дали сега и трансферите што ќе се вршат од централниот буџет на идентичен начин ќе бидат блокирани и земени од некој доверител кој што има оправдани побарувања. Тоа повторно е регулирано во Законот за финансирање на локалната самоуправа, каде што овие наменски средства, блок дотациите ќе течат преку посебна сметка од која што нема да може ниту градоначалникот да врши пренамена, ниту пак доверител од страна на основа на создадени обврски да ги поклопи тие средства. Значи, функцијата ќе биде обезбедена, тоа е регулирано и ние се разбира сакавме и во овој закон да го регулираме, меѓутоа едноставно невозможно е, таа е материја со исклучителна компетенција на тој закон и тоа ќе биде понудено во тој закон. Се разбира, јас очекувам кога тој закон ќе биде тука на дневен ред во Парламентот да биде посебен и од аспект на социјалната заштита разгледувано ова многу битно прашање. Како средствата што ќе бидат наменски определени ќе се обезбеди нивно комплетно наменско трошење и доколку се забележи ненаменско трошење, тогаш Министерството за финансии соодветно да реагира. Меѓутоа за овие работи имаме готови решенија во законот за финансирање на локалната самоуправа.

Околу некои други дискусии што беа подетални би сакал поради почитта према пратениците на секоја од нив мошне кратко да се изјаснам. Госпоѓата Петрова сугерираше за семејното насилство и за центрите. Тука се решава само еден елемент од владината политика од семејното насилство. Тоа е ова грижа преку дневниот центар за тие жртви. Главната владина политика ќе биде дефинирана со промени во законот за семејство кои што ќе бидат доставени до Парламентот до средината на наредниот месец, каде што ние преку една мошне широка дебата со невладиниот сектор изготвивме Предлог-законски решенија, каде што за прв пат во македонското законодавство се регулираат прашањата на семејното насилство и тоа

не само од аспект на насилството врз жената, кое се согласувам е доминантно, туку жртви на семејното насилство се и децата и старите луѓе. Значи се работи за едно комплетно решение на сите жртви на семејното насилство што денеса ги имаме. Секако, жените се најдоминантни жртви и најмногу овие решенија дефакто ќе се однесуваат и на нив.

Прашањето што пратеникот Мустафа го покрена за тешката социјална состојба на ромите и за респолсивноста на државата во однос на ромите. Владата превзеде покрај низа системски промени и практични чекори за да ја авансира положбата на ромите во однос на достапноста до социјалните услуги и пред два месеци отвори посебна подрачна канцеларија на Центарот за социјални работи во скопската општина Шуто Оризари, која што е доминантно населена со припадници на ромската етничка заедница.

Токму од овој аспект, како до оваа социјално ризична група да се обезбедат поквалитетни, подостапни социјални услуги. Јас го сфаќам стравот на пратеникот Мустафа, тој се плаши дека сега особено кога Владата покажа поголема грижа за ромите, дека кога сега дел од компетенциите ќе се префрлат на локално ниво, тогаш можеме да наидеме на селективен пристап на локалните власти. Може некои градоначалници и совети да имаат разбирање за посебната положба на ромите, а некои воопшто да не бидат чувствителни на тоа прашање, меѓутоа, не е се препуштено и оставено на локалната самоуправа. Сакам оваа прилика да ја искористам и да укажам на тоа дека во подготовка е посебна национална стратегија за интеграција на ромите, како посебна група која што поради низа објективни услови е социјално, економски и на секој друг план дефоваризирана и од таму, ние се трудиме и оваа национална стратегија на Владата да биде дел и од една глобална стратегија на ОН и на Светската банка, која што посебно ќе ги третира прашањата на ромите особено во центарот на Источна Европа така што нема место за страв на пратеникот Мустафа грижата на државата, меѓутоа не само на национално ниво туку и на мултинационално ниво ќе биде исклучително зајакната во наредниот период.

Околу прашањето на кого да се препуштат надлежностите. На градоначалниците или на советите. Тоа е сосема јасно и прецизно решено во Законот за локална самоуправа, каде што точно во членот 50 каде што се дефинираат надлежностите на градоначалникот стои  дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Значи ние тука само ги применуваме одредбите од Законот за локална самоуправа.

Градоначалникот е овластено лице како извршна власт на општината што врши именување и разрешување. Општината е основач на овие институции и отчетноста на институциите е виза ви советот на општината. Институциите извештај за својата работа, плановите и програмите за наредната година ќе ги изложуваат пред советите на општините, меѓутоа, прашањата од доменот на кадровското раководење се во исклучителна надлежност на градоначалникот. Тоа така стои во овој закон. Ние мора да се рамниме према него, меѓутоа и да не стои така мислење на Владата е дека е подобро градоначалникот да ги има овие овластувања како извршен орган.

Уште едно интересно прашање што беше поставено околу прашањето на волонтерството, кое што е се позначајно во европски рамки и тука беа присутни барања еден член што во законот го регулира или упатува на ова прашање да може да биде проширен и да му биде дадено поголемо значење. Прашањето и областа на волонтаризмот, како што и самото име укажува не е добро да биде предмет на некоја прецизна законска регулатива.

Имено, волонтерите особено сега со проширување на лепезата на актери на социјалните давања, на социјални услуги имаат можност да се приклучат дали да волонтираат при Центарот за социјална работа или пред друга установа како јавен сервис. Дали при невладините организации кои што ќе раководат со дневните центри, значи они ќе имаат избор сега како волонтери и поефективно да се вклучат во тој процес. Ова прашање ќе се регулира дополнително преку соодветните правилници во смисла на регулирање на правилата врз основа на кои давателот на социјална услуга може да ангажира волонтери. Инаку, во повеќето западни земји преку еден модел на таканаречена социјална одговорност, особено на моќните, на големите компании се применува една практика овие моќни компании да донираат од 6 до 8 работни часа на своите вработени во функција на давање на социјални услуги. Меѓутоа, тоа не можеме да го регулираме со закон. Она што можеме да го правиме и како пратеници и како министри е тоа да апелираме особено до добро стоечките фирми и организации во рамките на својата социјална одговорност према локалната заедница и према општеството во целина да дадат придонес во оваа сфера. Меѓутоа, придонес не само преку пари, затоа што понекогаш особено за ваквите фирми најбезболно да дадат пари. Туку напротив, со покажување на реална грижа преку ангажирање на своите луѓе во одредени волонтерски активности од значење за локалната заедница. Меѓутоа, секогаш е деликатно и во европските

законодавства ова прашање на волонтерите, никогаш прецизно не се регулира по самите законски акти.

И би се осврнал на уште една забелешка на пратеникот Џелили, имаме веќе Класична забелешка од пратениците на ДПА дека со сите реформи, посебно е погодена албанската заедница и сега беше даден примерот на ревизијата на социјалните помошти што се случи во почетокот на оваа година. Сакам на господинот Џелили уште еднаш да му укажам дека Владата одлучи новите критериуми и процедурата на ревизија од оваа процедура на ревизија бидат иземени поранешните кризни региони. Значи во липковскиот крај, во тетовскиот крај господине Џелили, воопшто не се применети овие механизми, затоа што проценка на Владата беше дека ова население таму поради воените дејствија, поради конфликтите е дополнително социјално депримирано и дека таму овие активности треба едноставно со нивната имплементација да се почекаат подобри времиња, т.е. подигање на вкупното ниво и враќање рехабилитација на регионите. Така што, напротив, во овие региони, кои што се доминантно населени со население од албанската етничка заедница, Владата покажа посебна социјална сензитивност, дури со низа дополнителни механизми, навистиа скромни во соработка со Меѓународната заедница и дополнително помогнавме за одредени категории на лица во овие региони и мислам дека навистина, не е фер кога дискутираме за тоа прашање особено со неточни факти на овој начин да се поставува.

Уште еднаш би сакал на сите пратеници да им заблагодарам за конструктивната расправа и голем дел на забелешки во втората фаза ќе бидат вградени. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џелили се јавувате ли за реплика?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате три минути реплика.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Тоа што го реков во текот на мојот говор не бев со намера, ниту тенденциозен податоците ги имав од луѓе кои работат во овие институции, ги имаме на табела каде сите градови каде што живеат албанско мнозинство и овие податоци зборуваат дека бројот на семејствата на кои им е скратена социјалната грижа, најголем број на овие семејства се албански семејства и дека овде не станува збор само за кризни

региони, зборот ми е за градот Тетово, Гостивар, Струга и Дебар, каде поголемиот број на семејствата кои се повлечени од листите се албански семејства, затоа што не ги имаат исполнето критериумите кои со доаѓањето на министерот на власт ги предвиде овие критериуми кои беа дискриминаторски и овие податоци уште еднаш сум спремен да ги аргументирам во секој момент. Значи не станува збор за некоја тенденција, за некоја лоша намера, туку станува збор за точни бројки. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има зобр министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Кога сме кај фактите и бројките по процентот на изгубена социјална помош Тетово се наоѓа на шестото место, прв е градот Кавадарци, втор е градот Прилеп, а за трето, четврто и петто место не се сеќавам. Тетово е дури на шесто место господине Џелили и толку за фактите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Со оглед дека доаѓам од липковска општина, сведок сум дека на многу албански семејства таму им е скратена социјалната помош, затоа што еден од критериумите беше плаќањето на електричната струја. Затоа што албанците не дека немаат електрична струја, туку затоа што живеат во поголеми семејни заедници и неправедно денеска им е скратено 50% од социјалната помош. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Опоштината Липково е првиот пример каде што профункционира партнерството меѓу централната и локалната власт господине Асани, затоа што таму поради самата кризна состојба во регионот сите контроли и увиди се вршени заедно со претставниците на локалната власт. Значи тоа е прв пример на оперативно партнерство на теренот помеѓу локалната и централната власт и за тоа можете да си го прашате градоначалникот кој што е од ДПА.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Настап има господинот Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Јас ќе се обидам да бидам сосема краток иако во текот на расправата по повод овој закон немав намера да се вклучам во дискусија, со оглед на тоа дека на комисиската расправа едногласно ако не се лажам и со пофални зборови беше констатирано дека законот речиси ги задоволува сите критериуми од оние кои што на денешнава парламентарна дебата ги спомна и министерот за труд и социјала, меѓутоа, по повод повторната интервенција на министерот за труд и социјална политика и дополнителни одговори на поедини двојби на пратениците, одлучив да се јавам за дискусија, се со цел да бидам консеквентен на моите ставови кои што и при донесувањето на законот за основно и средно образование ги изнесов од оваа говорница.

Имено, се работи за трансмисијата на надлежностите од министерот на градоначалникот. До сега имаме една концентрација на надлежности во рацете на министерот со новиот закон, се врши трансмисија на тие надлежности на градоначалникот и тоа произлегува од  одредената одредба од Законот за локална самоуправа.

Јас само сакам овде да напоменам дека по се изгледа тоа е проект на Владата, инаку правиме грешка во чекори. Доколку беше интенцијата да не се врши обична трансмисија на моќта во рацете на градоначалникот можеше од страна на Владата да се иницира во две или три одредби од Законот за локална самоуправа да се направат измени и дополнувања и тие надлежности да се пренесат на поширок орган, за да евентуално се избегнат политизации и волонтаризми во таа сфера.

Јас сум лично убеден дека во пракитчната примена на овие закони ќе има сериозни последици врз положбата на помалите етнички заедници, од едноставна причина што ретко кој од нив ќе има градоначалник во одредена единица на локална самоуправа. По се изгледа кога ќе ги видиме тие практични девијации, ќе ја почувствуваме потребата да се вршат дополнителни измени и дополнувања во таа свера, се разбира, доколку сакаме да бидеме праведни и доколку сакаме да се движиме во рамките на една правна држава.

Посебно бев иритиран за овој настап од едноставна причина што министерот рече дека и доколку немаше такво решение во Законот за локална самоуправа, мислењето на Министерството беше тие надлежности да се пренесат од министерот на градоначалникот, што јас лично мислам дека ќе има сериозни импликации во практичната примена на законот и појава на девијантни појави во таа свера.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да преминеме на гласање за заклучокот кој што ќе го прочитам, ги повукувам пратениците кои се надвор да влезат во салата. Значи, во салата се присутни над 60 пратеници.

Според тоа, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за социјална заштита.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 10 - Предлго за донесување на закон за трговските друштва.**

Тука е претставникот.

Предлогот за донесување на закон, извештајот на Комисијата за економски прашања и дописот на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор бара министерот за економија г. Стевчо Јакимовски.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Почитуван господине претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Пред вас е Предлог на законот за донесување на Закон за трговски друштва и сигурно кај вас буди размислување кои се причините, што еве отприлика 7 години по трет пат се предлага еден ваков закон. И, ако ми дозволите јас би ги објаснил и

причините зошто пристапуваме на предлагање на еден сосема нов закон за трговски друштва.

Како што веќе знаете во 1996 година беше усвоен закон за трговски друштва и кој што е сеуште во примена, а во 2002 година во јули е усвоен нов закон за трговски друштва, со одложена примена од 01.01.2004 година. Она што досега се направени проценките, се гледа дека овој закон што е донесен во 2002 година е донесен во една фаза. Многумина од нас знаат дека и тогаш имаше забелешки дека сосема е погрешно што се носи во една фаза и што се носи за така кратко време еден многу битен системски закон, кој имаше претрпени измени во најголем дел само во делот на ДО и АД. Па, од тие причини најголем дел и беа преземени одредбите што беа од законот од 1996 година. Од овие причини, а посебно тргнувајќи од значењето на овој закон за стопанството на Република Македонија и за бизнис амбиентот што треба да се создаде, како и за создавање на клима за инвеститорите во Република Македонија, Владата на Република Македонија во својата програма за работа го постави ова прашање односно беше утврдена задачата да се сублимираат забелешките и критиките по однос на овој текст од 2002 година и да се пристапи кон измени и дополнувања на Законот за трговски друштва од 2002 година.

Потоа, беше формирана една работна група од Министерството за економија, од Министерството за финансии, Министерството за правда, како и вклучени се домашни и странски експерти од Европската агенција за развој, ЈУИЕД проектот за корпоративно управување. По нивната анализа констатирано е дека има големи недостатоци овој закон и доколку сакаме да извршиме сериозни корекции во оваа област дека ќе ни бидат потребни многу измени и дополнувања на овој закон и дека најдобро е да се пристапи кон предлагање сосема нов закон.

Основните принципи на кои се темели предложениот законски текст се натамошна хармонизација на домашната легислатива од областа на трговското право на земјите од Европската унија, како и да се вградат односно да се следат директивите дадени од Европската унија токму во оваа област.

Второ, вградување односно надоградување на законот со јасни и функционални решенија, кои што практиката покажала дека има потреба од одредени измени во оваа област односно решенија со кои што ќе се овозможи многу поголема ;применливост на овој закон.

Трето, да се поедностави постапката за регистрација на трговските друштва и да се воведат односно да се постават основите за воведување на едношалтерскиот систем. Со предложениот законски текст направени се усогласувања на домашната

легислатива од областа на трговското право со трговското право на земјите од ЕУ и директивите на ЕУ од оваа област. При изготвувањето на тексто, посебно уште еднаш се обрна внимание на доградување на оваа област со стандардите на трговските друштва, што се создаваат веќе децении во рамките на ЕУ и вградување на директивите од ЕУ, што како обврска е преземено со вклучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Во овој дел може да се потенцира дека досега беше користено учеството на странски експерти. Посебно, околу нивното ангажирање во внесувањето на директивите во предложениот текст на законот. Во функција на полесна примена на законот со предложениот законски текст, најнапред направено е преуредување и одвојување на се она што е општо и заедничко за сите друштва сместено во општите одредби, а во посебните делови спеицифичното и карактеристично за одделни форми на друштвата. Направено е и дефинирање на сите позначајни изрази што се употребуваат во законот.

Натаму позначајни измени и дополнувања и доуредувања предложени се во законскиот текст, направени се во следниве области. Предефинирани се одредбите во делот на АД, особено ако е основање на акционерските друштва, сукцесивно основање, дефинирање на акциите и правата што произлегуваат од нив. Зголемување и намалување на главнината и слично. Внесени се одредби во кои јасно се дефинираат ситуациите на ништавност и ситуациите во кои можат да се добиваат актите донесени од друштвото. Многу битно прашање во функција на заштита на акционерите и третите лица. Подетално и појасно е разработена постапката за свикување и одржување на собирот на содружниците и Собранието на акционерите, акционерските друштва. Внесени се одредби со кои се зајакнува одговорноста како на содружниците и акционерите, така и на членовите и на органите на управување на друштвото во случај на злоупотреба во својата позиција за лични интереси и на штета на трети лица, што е многу битна одредба. Доуредени се прашањата на информираност на акционерите и содружниците во функција на воспоставување на дисциплина во однос на плаќање на придонесите кон пензиското и инвалидското осигурување и здравственото осигурување. Воспоставена е обврска, основачите при основање на друштвото да приложат дека ги намириле овие обврски. Разработени се одредбите што се однесуваат на влоговите, посебно кај непаричните обврски за проценка на истите од страна на независен проценител. Разработени се одредбите во однос на стекнување на друштвото со сопствени акции. Внесени се одредби во функција на заштита на малцинските акционери. Разработени се и доуредени се и одредби во однос на управувањето со АД,

воведување на институтот независен член во органите на управување. Дадена е можност за кумулативно гласање. Доработен е делот во однос на трговските книги, годишните сметки, финансиските извештаи, преуреден и доуреден е делот со кој се уредува спојувањето, припојувањето и поделбата на друштвото и друго.

Во однос на поедноставувањето на постапката за упис на трговските друштва, предложениот текст ја следи тенденцијата што беше направена со измените на законот од 1996 година и решенијата утврдени со законот од 2002 година односно упростување и забрзување на оваа постапка.

Според предложениот законски текст редимензионирана е улогата на судството. Улогата на судот се определува како улога на регистер кој треба да види и да утврди дали се исполнети условите за упис и дали се приложени сите прилози кон пријавата, при што нема овластување да ја оценува автентичноста на истите.

Во предложениот текст се даваат и основите за воведување на т.н. едношалтерски систем, кој треба да се доградува, при што за таа цел се потребни и други законски измени.

На крајот, би сакал да напоменам дека веднаш по усвојувањето на предлогот за донесување на Законот за трговски друштва од страна на Владата на Република Македонија, беа одржани повеќе јавни расправи со Стопанската комора, со регионалните комори, со сметководителите, со ревизорите, со проценителите, судиите од регистрационите судови и стечајните управници, Комисијата за хартија од вредност и одделни брокерски друштва. Натаму, Македонската берза за хартија од вредност и Здружението на правниците и сите нивни забелешки, сугестии што се дадени отприлика се сублимираат и она што е нормално прифатливо и за кое што сметаме дека ќе биде во функција на доуредување на овој законски акт, дека ќе бидат прифатени.

Господа пратеници, сметам дека на изготвувањето на овој закон, навистина, се посвети сериозно внимание. Истиот значи подобрување на досегашната регулатива во оваа област, што беше укажано и од одржаните јавни расправи, поради што предлагам предлогот за донесување на закон за трговски друштва да биде прифатен, а Владата на Република Македонија да се задолжи да изготви Предлог на закон во кој ќе ги земе предвид сите забелешки изнесени во јавната расправа, како и забелешките, предлозите и сугестиите што ќе ги добиеме овде од расправата на Собранието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Прв е на списокот пријавен за дискусија господинот Зоран Шапуриќ, а ако нема реплика, нека се подготви после тоа госпоѓа Благородна Мингова Крепиева.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Законот за трговските друштва за прв пат е донесен во Република Македонија 1996 година, а потоа е менуван дури десетина пати. Новелацијата на законот односно измената на закон сама по себе можеби не е толку страшна, бидејќи може да значи усогласување на правната норма со реалноста, односно усогласување на нормативното со реалното. Но, ако тоа се случува премногу често и тоа за кусо време, како што видовме десетина пати, значи дека нешто не чини и дека самиот закон не чини. А, тоа, заклучуваме дека досегашниот закон за трговските друштва не чинеше и не ја исполни својата цел. Тоа и праксата го покажа и затоа се и тие чести измени и затоа сега имаме нов закон.

Потоа, во 2002 година имавме еден неуспешен обид за нов закон за трговски друштва, кој не ни стапи на сила, а кој беше донесен во скратени рокови. Како што можам да прочитам во причините за донесување на законот и без консултации на пошироката научна јавност, при што овде намерно или случајно е заборавена и пошироката стручна јавност. Тоа беше случајот со Законот од 2002 година, кој не ја здогледа светлината на денот и кој како еден мртов закон, по кој бадијала се потрошени средства, време и труд, остана во некои архиви односно остана за евентуално некое изучување.

Значи, негова практична примена ја немавме. Но, имајќи ги лошите искуства за трговски друштва и пречестите измени односно новелации, мораме да се запрашаме каква е состојбата со овој закон кој денеска го разгледуваме. Дали е извлечена некоја поука. Веднаш да кажам дека малку се извлечени поуките од лошите текстови на овој закон и веднаш тврдм доколку немаме радикални измени на законот, дека и овој закон веднаш по усвојување наредната година неколку пати ќе ги менуваме. Зошто?

Пред се во изготвувањето на овој закон за разлика од претходниот закон кој е усвоен 2002 година кој што не заживеа, научната јавност е вклучена, тоа е точно. Но само еден тесен круг на научна јавност, оној круг кој што беше вклучен и во претходните закони. Пошироката научна јавност не е вклучена, тоа одговорно ви тврдам. Исто така, кажа министерот дека беа одржани некои расправи, тоа е точно, меѓутоа многу малку беа одржани расправи со оние кои што се најчест консумент со

овој закон со стопанствениците, бидејќи јас верувам дека немаше да дојде во Парламент ваков обемен закон па макар и во прва фаза. Јас затоа знам дека новиот министер за економија е само неколку дена министер и дека тој од порано предложен, а се изработува со помошта и на странски експерти и тоа е точно, бидејќи ако не беа послушани тие странски експерти, законот ќе имаше уште 500 члена повеќе.

И, јас затоа сакам да му укажам на министерот да продолжи со многу поширока расправа да се вклучи многу пошироката научна јавност, а не само оној дел кој што учествува веќе десетина години во пишувањето на овој закон. Да се организира многу пообемна расправа со стопанствениците и поширок круг на стручна јавност, не заради тоа да го подобриме текстот на законот, туку драстично да го измениме текстот на законот, особено во поглед на неговата обемност.

Најголем дел од вас, односно од нас почитувани пратеници, се сеќаваме дека некогаш постоеше еден закон кој се нарекуваше мал устав на економијата така наречениот закон за здружен труд. Поради тоа што тој беше преобемен, преопширен, но и здодевен, бидејќи сакаше да уреди се и сешто во основните организации, работните, сложените организации, деловните заедници, работните единици, што се уште не, беше многу тешко применлив во праксата. Тој сакаше да го регулира работењето на сите органи на тогашните стопански субјекти и тогаш странците се чудеа навистина како може да работите со овој закон.

Но, замислете тој обемен и широк закон, значи Законот за здружен труд имаше 678 члена. А колку има овој закон за трговски друштва? 726 члена на вкупно 227 страници. Многу пообемен дури и од Законот за здружениот труд.

Навистина, овој е преобемен. При изготвувањето на законите за трговски друштва можни се повеќе пристапи. Еден пристап, што мислам дека е добар, се состои во тоа што во еден закон да бидат уредени сите видови на трговски друштва. Тоа е добро од еден аспект. Постојат, се разбира, пристапи за секое одделно трговско друштво се носи посебен закон. Меѓутоа, и покрај таков пристап со еден закон да се уредат сите видови на друштва, тој изобилува со обемности.

Затоа, сметам дека пишувачите на законот настојувале да биде тој што пообемен, а не што поконцизен. Тој е преобемен и со низа непотребни одредби. Директивите на ЕУ се дадени точно овде, меѓутоа, преопширно. Така, законот, сепак. личи повеќе на учебник, отколку на закон.

Затоа, оваа верзија на овој закон е антиреформска и антиевропска во овој дел, во делот на обемноста.

Почитувани колеги, зошто законот е преобемен? Тој навлегува непотребно во материјата која веќе е регулирана со друг закон, како што е со Законот за облигационите односи, низа закони со кои се регулираат финансиското работење на трговските друштва и во многу други закони.

Така на пример застапувањето и прокурата се преопширно обработени во овој Закон, затоа што овде се повикуваме на пет години рок на застарувањето на побарувањето на друштво, меѓутоа истото тоа е регулирано со Законот за облигациони односи и тој рок важи за сите застарувања. Јас не велам дека одредени одредби кои се предвидени во Законот за облигационите односи не треба да се прецизираат, но не волку обемно, затоа што навистина ќе биде многу тежок за оние што треба да го применуваат во практиката. Затоа апелирам тој да биде драстично скратен.

Понатаму, кажав дека законот има дури амбиции да навлегува во преписката внатре, во рамките на друштвото, што го немаше дури ни во Законот за здружен труд.

Потоа законот се труди да третира многу ситни детали, како и актите на друштвото. Точно е дека еден закон треба основните елементи на актите на друштвото да ги предвиди, меѓутоа не во таа мера, не во тој обем и речиси нема да остави простор ако остане ваков текст да се регулира нешто со актите на друштвото.Едноставно тоа ќе биде како еден терк за основачки акт, терк за статут, терк за некој друг акт на друштвото, кој исто така според мене непотребно изобилува и со казнени одредби. Затоа мислам дека во тој дел законот мора да биде многу поконцизен, затоа што нема потреба од повторување од некои работи кои се дадени во други закони. Не во самата идеја да се прифатат директивите на ЕУ, тоа е во ред. Забелешките се во големата обемност, затоа што кога ќе треба да се применува консументите, нема да можат да го применуваат. Затоа апелирам, бидејќи и претходните 10 верзии ги пишуваа, учествуваа во пишување исти луѓе да се прошири тој тим, нека бидат и тие луѓе, меѓутоа нека има и нови луѓе за да дадат нови идеи.

Но, да не испадне дека имам само забелешки на законот да кажам дека е многу позитивно што во законот се предвидува едношалтерскиот систем на работењето. Овде е даден амбициозен рок, бидејќи ние веќе зборуваме 10-12 години за тој систе на работење, но сеуште го немаме едношалтерскиот систем, туку имаме безброј шалтерски систем на работење. Така да ако тоа се спроведе ќе биде навистина позитивно.

Овој закон во делот на обемноста ќе треба радикално да се преработи.Да биде концизен и функционален, бидејќи сега е навистина мамутски закон и оваа верзија навистина мора да претрпи радикални измени. Јас ќе дадам и класичен пример, севкупната норматива на работењето на трговските друштва во Германија изгледа волку...

(покажува материјал на пратениците)

.. ова е бугарскиот закон, а еве го нашиот со 280 страници и со над 700 членови. Тврдам дека бројот на членовите може да се скрати, но не само бројот, има и други закони во европски земји кои имаат голем број на членови, меѓутоа тие членови се концизни, не се опширни, не се обемно дадени и содржат само конкретни работи кои треба да бидат во законот.

Јас се надевам дека во втората фаза овој закон ќе биде во многу поконцизна форма. Оние непотребни оптоварувања ќе бидат елиминирани и ќе има простор во таа фаза, а со расправите верувам дека ќе се продолжи и дека меѓународните експерти ќе извршат уште посилен притисок на домашние експерти за да бидат во согласност со европските директиви што поконкретно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Би сакал да му леприцирам на г-динот шапуриќ во делот каде што кажа дека Законот кој што е донесен 2002 година џабе се потрошени парите, не е консултирана поширока научна јавност и сл. Само да го потсетам дека таа беше ангажирана, меѓутоа на ниво на работни тела. Со оглед на тоа дека Законот беше во една фаза, во никој случај не смее да се помисли дека се џабе потрошени парите, бидејќи и тогаш имаше иницијатива, сондирање и слично да се донесе овој закон.

Изгледа г-динот Шапуриќ мисли дека се почнува од оној момент од кога тие се дојдени на власт. Значи има нешто што е претходно работено.

Би сакал да го потсетам дека кога се донесуваше законот за ДДВ во 2000-та година опозицијата, тогашната опозиција сегашна позиција жестоко го критикуваше и изрази крајна сомнеж дека тој Закон ќе биде успешен. Меѓутоа излезе дека тој Закон е еден од најуспешните реформски закони од 1998 до 2002 година.

Да потсетам дека овој Закон донесен во 2002 година сеуште не е применет. Неговата примена беше одложена за 1.01.2004 година. Значи, ние не можеме да зборуваме за ефектите од тој Закон со оглед на тоа што во Законот беше

проектирана одложена примена. Лесно е нешто да се критикува се додека не се провери во пракса.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шапуриќ имате една минута право на контрареплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Воопшто не ми беше намерата да кажам дека се почнува од оваа Влада и оваа власт. Ако забележавте јас имав сериозни критики на овој Закон, меѓутоа за претходниот Закон, како што се сеќаваме сите имаше навистина забелешки од сите оние што учествуваа во него. Се водеа низа јавни дебати каде што се укажуваше дека Закнот неможе да стапи во сила односно неможе да биде применлив. Тоа се покажа и штом толку време се подготвуваше, се работеше една година на тој Закон нормално дека бадијала се потрошени средства.

Тоа ми беше поентата, инаку не мислам дека почнува само со ова и имав забелешки на овој Закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-ѓа Благородна Крепиева -Мингова.

(за реплика се јавува г-динот Ружди Матоши )

Се извинувам, за реплика повелете г-дине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакам да му дадам до знаење на г-динот Шапуриќ дека Законот од 2002 година за трговските друштва е спротивставен, успорен во тоа време, а овој закон сега е копие на Законот од 1996 година, додека во тоа време кога беше тема за дебата, Законот од 2002 година имавме и телевизиски дуели, и Беличанец беше во тие телевизиски дуели. Напротив Законот од 2002 година имаше подршка од акционерските друштва и трговските друштва, затоа што беше практичен Закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Крепиева, а нека се подготви г-динот Јашари Аднан.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Благодарам  на новата практика, да не најавувате претходно, барем оние што не се во салата да можат да си дојдат и да си го зачуваат редот за дискусија.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министре и претставници на Владата.

Во два наврати ова Собрание во текот на изминатата година усвојуваше измени и дополни на Законот за трговски друштва со кој се одлагаше примената на

Законот за трговски друштва донесен во јули 2002 година. Притоа во дискусиите беа дадени укажувања дека текстот од тој Закон треба да се догради и доработи за да се отстранат бројните контраверзни решенија, бројните грешки, јазични и смисловни нејаснотии и номотехнички недостатоци.

Да потсетам дека во тие расправи често се укажуваше дека е потребно да се понуди нов текст на Законот за трговски друштва во кој ќе бидат вградени во пракса проверените решенија и текст кој ќе значи доближување на овој Закон кон Европското трговско право.

Од тие причини денес го имаме предлгот за донесување на закон за трговските друштва, кој фактички треба и да го замени Законот од 1996 година, а за волја на вистината морам да кажам дека лично очекував овој закон во расправа пред Собранието да дојде нешто порано одколку сега. И да си го искористам правото да кажам дека овој предлог текст не е ниту копија за оние што внимателно го прочитале, ниту на Законот од 1996 година, ниту на Законот од 2002 година. Поточно, ги инкорпорирал подобрите работи и од едниот и од другиот, а пред се се базира и на искуствата кои ги имавме на овој план во практицирањето особено од 1996 година па наваму. Најверојатно и на самиот предлагач токму затоа му требаше подолго време да го понуди овој предлог на текст со оглед на тоа што знаеме дека Законот за трговски друштва е еден од најсложените и најбитните закони, или како што практикуваме ние меѓусебно да го нарекуваме устав за претприемаштвото и претприемачите . Со него се задира во најсуптилните свери на стопанството во Република Македонија.

Тој по својата содржина е мултидисциплинарен, сложен и затоа верувам дека во неговото учество, како што рече и министерот учествувале повеќе министерства и можеби на тој план и се чувствува некаде разлика во зависност од амбициите на секое министерство во подготовка на сопствениот дел на законот.

На почетокот ќе кажам дека позитивно ја оценувам расправата која беше организирана од страна на министерството и бројните расправи на експерти, заинтересирани субјекти од обласна на правото, органициските науки, финансиски, сметководствени, синдикатот, Стопанската комора и др, дури и нотарите . И она, незнам колкав број на колегите знаат дека овој закон Министерството го понуди на својата веп страница со можности секој граѓанин на Република Македонија, со своите забелешки да придонесе за подобар текст на законот за трговски друштва.

Веднаш на почетокот по овој вовед да кажам дека јас лично ќе го поддржам донесувањето на Предлогот за донесување на закон за трговски друштва и тоа од

повеќе причини, за разлика од колегата Шапуриќ кој говореше дека законот е преобемен јас сметам дека законот е прецизен, јасен и применлив. Неговата големи можеби пред се се должи на тоа што овој закон е траннзиционене и најверојатно што се базира на искуствата од тоа како ги применуваме законите, а тоа значи дека понекогаш и во законите до детљи ќе треба да ги прецизираме некои одредби, како во секојдневното практицирање не би дошле до конфликтни ситуации.

Она што мислам дека треба да се истакне за разлика од претходните два закони е тоа што на почетокот на овој закон ги имаме дефинирано сите термини што ја означуваат категоријалната матрица врз која почива законот за трговски друштва, за што јас лично сметам дека е добар.

За нас, а и за мене лично е мошне важно на патот кон Европа да искористиме секоја шанса при донесувањето на било кој законски проект да го хармонизираме со европската легислатива.

Она што посебно го ценам е тоа што предлагачот направил напор следејќи ги директивите на ЕУ да го приближи законот за трговски друштва до...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, извинете.

Г-дине Даневски ќе престанат со моето барање за давање оставка, но нема никогаш да престанам да ве опоменувам да не зборувате . Нужно е внимание, сепак тука се настапува.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе.

Предлагачот успеал следејќи ги директивите на ЕУ да го приближи овој закон до Европската концепција за правото на трговските друштва со што Република Македонија, го хармонизира својот правен систем со правните системи на земјите членки на ЕУ, а воедно предложените решенија кореспондираат со правните системи на соседните земји од регионот, кои се наши и најголеми деловни партнери, а и со оние, со кои се интегрираме, или сакаме да се интегрираме во нашата економија.

Предлогот за донесување на закон за трговски друштва и тоа на два пати ја одложувавме примената на Законот од 2002 година, укажавме дека овој закон ќе мора да ги содржи решенијата кои се усогласени со решенијата на другите закони кои ги регулираат односите во правно-економскиот систем кај нас. Мислам  дека токму и од таа причина и од тоа наше барање можеби е омевноста на овој закон и

дека предлогот ни нуди токму такви решенија кои се усогласени со другите позитивни законски прописи.

Сакам да го подвлечам она што и министерот и г-динот Шапуриќ го кажаа, за што посебно го подржувам овој закон е поедноставувањето на постапката за регистрација и воспоставувањето на едношалтерскиот систем.

Со предлогот е намален бројот на потребните документи за регистрација. Дури и во оние 11 измени што следеа на Законот од 1996 година и со предлогот од 2002 година постојано се правеа напори бројот на овие документи да се намали и да се поедностави постапката, но што е значајно сега е и скратување на времетраењето на самата регистрација особено со тоа што сега судот има една поинаква функција-само да изврши увид само на одоследноста односно на исполнувањето на формалните услови, а оставајќи ја одговорноста за веродостојноста на податоците на подносителот,односно барателот за упис во трговскиот регистар со што мислам дека се зголемува и самата одговорност кај судружниците односно основачите на трговското друштво.

Интересно е да се напомене дека со новите одредби единствениот трговски регистер ќе ја обезбеди и јавноста и транспарентноста на податоците содржани во него, што досега можеби и не беше случајно.

Искрено верувам дека со новиот закон за трговски друштва конечно ќе профункционира толку споменуваниот едношалтерски систем, кој дури и денес во неколку наврати, па и од министерот за труд и социјални работи беше спомнат едношалтерски систем кој нема политичка партија во Македонија која не го ставила во својата изборна програма и како цел во своето дејствување.

Овој закон, исто така заслужува подршка и заради понудените решенија за кои повеќе говореше министерот за основање на акционерските друштва, како и нововоспоставената можност за добивање бесплатни акции на вработените и пензионерите од остварената добивка на Друштвото.

Секако дека тука не ги споменав и другите добри решенија во законот, но со оглед дека е ова само предлог за донесување на закон, односно прва фаза ќе изнесам неколку свои размисли во прилог на допрецизирање и подобрување на текстот на законот за трговски друштва.

Законот како новина го дава решението содружниците на јавното трговско друштво и конплементорите на командитното друштво да одговараат за обврските на друштвото лично, солидарно и неограничено со својот имот.

Сметам дека членовите 20 и 26 ќе треба да се допрецизираат во смисла да не дојде до меѓусебна злоупотреба од страна на содружниците, а исто така сметам дека аналогно на овие одредби треба да се допрецизира и одговорноста на управителите во членот 350 кога истите ќе предизвикаат повреда на своите обристи и причинат штета на друштвото.

Исто така новина во овој закон е обврската една третина од неизвршните членови на одборот на директори односон на надзорниот одбор да бидат независни членови.

Согалсно позицијата која е дадена во првата глава од законот, овој поим го има следното значење. “Независниот член е лице кој со оглед на својата позиција во однос на друштвото на акционерите и органите на управување на друштвото се карактеризира со непристрасност”. Но согласно одредбите на овој закон, тој добива и надоместок односно награда за својата работа. Се поставува прашањето од каде и по кои критериуми ќе се назначуваат овие независни членови и како друштвото да се заштити од независните да не поминат, условно кажано, во зависни. Сметам дека предлагачот треба да ја даде и можноста, особено за помалите друштва кои ќе се определат за едностепениот систем на управување, обврската за независните членови во овие органи да биде изборна.

Уште една моја сугестија за членот 532. Таму се утврдува Годишната сметка или финансискиот извештај да го потпишува сметководителот овластен за нивното потпишување и трговецот. Сметам дека тука треба да се предвиди одредбата министерот за финансии да ги пропише условите за стекнување на звањето овластен сметководител. Слично на ова решение би требло да се пропишат и условите за проценители на непаричниот влог при формирањето на трговското друштво, особено ако се имаат предвид искуствата од практиката каде се можни и беа присутни недоследности во реалното проценување на непаричниот влог.

Со оглед дека во праксата не секогаш имаме јасна слика за состојбите во трговските друштва, во законот ќе треба да се предвидат и решенија со кои преку годишните сметки и финансиските извештаи да се отслика вистинската финансиска и имотна состојба на друштвото, бидејки со сегашнит епрописи за сметководство се прават манипулации во финансиската состојба на фирмите, а тоа понатаму има последици за потенцијалните инвеститори. Што по итната примена на меѓународните стандарди за сметководство ќе придонесе да се добие и пореална слика на целото наше стопанство, а и со тоа ќе бидеме потранспарентни за оние кои сакаат да вложуваат во него.

Околу дефинирањето на овие одредби и други кои произлегуваат од оваа финансиска сфера, сметам дека во конечното дефинирање на текстот ќе треба да помогне многу повеќе и Министерството за финансии.

Да потсетам уште на нешто. Пред неколку месеци нашето Собрание направи една измена и дополнување во Законот за трговски друштва во смисла на заштита на малите акционери, или малцински како сакате. Во Предлгото на законот за трговски друштва кој денес го разгледуваме, ова прашање е мошне пошироко разработено и доста добро, но сметам дека е упатно предлагачот да ги допрецизира овие одредби, особено околу потребата овластувањето за застапување на секое свикување на Собранието да се заверува кај нотар. Ова од причини што трошоците за заверка ги сноси самиот акционер и за секое собрание тие истите паѓаат на товар на нашите акционери.

На почетокот уште еднаш потсетив дека еден ваков закон не може без поширока расправа, како во Собранието така и пред стручната јавност, па сметам дека имаме и доволно време да ја искористиме и можноста и по електронски пат да ги дадеме своите забелешки, новина која гарантира висок степен на транспарентност во процесот на донесување на овој закон, а верувам дека тоа ќе го користат и другите министерства. Очекувам што е можно поскоро Предлогот на законот да дојде кај нас, со што истиот ќе може веќе да се применува од идната година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Ружди Матоши има три минути реплика.

РУЖДИ МАТОШИ:

Сакав само да ја демантирам госпоѓата дека Законот за трговски друштва усвоен во 2002 година е идентичен со Грчкиот закон. Значи, сакам да ја демантирам кога вели дека овој закон кој што се предлага сега од страна на Владата е идентичен со земјите во соседството - не е идентичен со земјите од соседството. Јас го демантирам ова и велам дека Законот од 2002 година е идентичен со грчкиот закон. Сакам да кажам дека тука многу често се спомнува прашањето на едношалтерски систем. Вистина е дека претпријатието или трговското друштво ќе се регистрираат според едношалтерскиот систем, меѓутоа, дозволите за работа се наоѓаат на многу шалтери, односно во многу ресори. А Законот од 2002 година кој имаше намера да ја направи регистрацијата на еден шалтер и на истиот шалтер да се добијат дозволите, што ќе значеше едно многу добро функционирање, со што ќе се избегнеше митото и корупцијата, а не сега со овој закон, кој што Вие го обновувате,

од 1996 година. Тука се констатира дека повторно при регистрацијата на претпријатијата и трговските друштва ќе се соочиме со митото и корупцијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика од една минута, Благородна Мингова - Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Иако беа неколку прашања, ќе се обидам во една минута да му одговорам на г-динот Матоши. Реков дека се прават напори за приближување на предложените решенија, предложените решенија треба да ја приближат Македонија и до правните системи од соседните земји, затоа што се тие наши најголеми деловни партнери. Значи дефиницијата што тој ја кажа дека сум ја искажала е потполно неточна.

Втора работа, околу едношалтерскиот систем, тука сме сите неподелени и мислам дека тоа воопшто не вреди да го коментирам, но немав намера ниту направив обид да кажам кој , дали од 1996 или од 2002 година е подобар. Мислам дека се користени и двата закона во овој закон, оној кој внимателно тоа го направил и го прочитал и исто така сметам дека , пред се, оние кои работеле на овој Предлог закон ги користеа искуствата што ги имаме досега ние како земја и искуствата на другите земји.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега има збор г-динот Аднан Јашари, а по него г-динот Коста Прешоски.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Ќе се залагам да бидам пократок и да не го повторамона што веќе пред мене е кажано. Ќе се обидам да се сконцентрирам на моите забелешки во врска со Предлог законот за трговските друштва.

Сите знаеме дека обалста на трговските друштва, по независноста на Република Македонија, за прв пат се регулира со Законот од 1993 година, закон кој за прв пат се обиде оваа област на економските субјекти да ја регулира начелно со пазарната економија.. Во 1996 година би рекол за прв пат на целосен начин со усвојувањето на Законот за трговски друштва се регулира областа на организирањето и функционирањето на трговските друштва, но секогаш во согласност со пазарната економија. Но и покрај тоа, како што кажаа претходнит еколеги, овој закон неколку пати се измении се дополни. Во 2002 година од ова Собрание , од Макеоднското Собрание се усвои еден друг Закон, Закон кој влезе во сила, но никогаш не се спроведуваше. И покрај тоа што за мене како правник е поспорно во оваа насока, ова Собрание со цел да го пролонгира спроведувањето на

овој закон, предложи закон кој сега се спроведува и еве една празнина и еден простор, една добра вистинска правна празнина. Имавме или немавме право, дали Собранието реагираше на вистински начин или не е прашање што треба да се анализира, но нема да навлегувам во тоа.

Министерството или Владата сега излегува со нов Предлог на закон за трговските друштва, кој во суштина според структурата вклучува или е сличен со Законот од 1996 година. Нормално, измените се вистински и треба да се поздрават. Значи, го поздравувам овој закон.

Измените се направени согласно директивите на Европската Унија. Речиси сите директиви кои се предвидуваат во Европската Унија во врска со областа на трговските друштва се вклучени во текстот на Предлогот на законот и добро е што се вклучени односно инкорпорирани. За структурата на Предлогот на законот нема да зборувам, а посебно ќе зборувам за законот кој треба да се донесе. Мислам дека ќе бидат добродојдени за Министерството за економија.

Колку за информација, да кажам дека вчера имав една средба со двајца меѓународни и еден домашен стручњак, разменивме мислење и јас ги кажав моите забелешки во однос на овој Предлог на закон. Но сега ќе се обидам накратко и на пратениците да им го кажам тоа.

Прво, мислам дека дефинициите што се предложени во текстот на законот за исто прашање меѓусебно се конфузни. Типичен случај е дефиницијата за трговски друштва во членот 1 од Предлог законот, со дефиницијата што се дава за трговски друштва во делот каде што стаува збор за заедничките правила за трговски друштва и ако тоа го анализираме дали се согласуваат или не се согласуваат овие дефиниции.

Во оваа насока, би сугерирал ако има можност, повторувањето на дефинициите да биде што помало, затоа што како што беше речено и од претходните говорници, овој Предлог закон е добро предложен.

Второ, од самиот текст на Предлог законот не успеав да разберам кои од трговските друштва - може да ги вршат сите трговски друштва. Во членот 18 од Предлогот на законот не се прави тоа ограничување меѓу акционерските друштва и другите тровски друштва, или да бидам поконкретен , вака како што е дадено во текстот се остава простор да се разбере дека прашањата кои се однесуваат на банкарските дејнсоти, обезбедувањето на лицата, трговијата со хартии од вредност може да ги обезбедат сите трговски друштва, што мислам дека не е така.

Иако можеби во оваа насока е оставено со посебен закон тоа да се регулира, сепак би било добро, ќе повторам, уште еднаш во самиот текст да се истакнат на дециден начин овие три дејности кои може да ги вршат само трговските друштва.

Членот 21, точка 26, во точката 6 имам забелешка каде се говори за правата и обврските, затоа што колку што успеав да разберам друштвата не се правни лица и како такви тие се раѓаат пред самата регистрација, а во тој простор тие не може да се носители на одговорности и обврски. Затоа мислам дека треба оваа точка да се допрецизира.

Во членот 146 односно насловот пред самиот член се говори за договори и изјави, изјавата кога се говори за основачкиот чин и договорот кога се говори за трговски друштва, каде како основач се јавуваат две или повеќе лица. Мислам дека овие два термина треба да се заменат со еден заеднички, односно оснивачкиот акт.

Трето, што за мене е уште по значајно, е прашањето на акциите. Сите знаеме дека акциите се хартии од вредност и дека навистина нивната емисија е поврзана со акционерските друштва, односно со друштвата на капиталот, капитални друштва, како што се вели во теоријата, меѓутоа, да не заборавиме дека тоа се хартии од вредност. Акционерските друштва имаат право да имаат и облигациони хартии и тие и акциите се хартии од вредност. По мое мислење, оваа материја со која се регулираат хартиите од вредност треба да се извадат од овој закон и да поминат во Законот за хартии од вредност.

Прашањето на трговскиот регистар, исто така, мислам дека треба да се извади од Предлог законот и да се регулира со посебен закон. Зошто мислам вака? Затоа што, колку што јас успеав да направам споредба со некои закони кои ја регулираат областа на трговските друштва во одредени земји, прашањето на трговскиот регистар е регулирано со посебни акти или посебни закони. Значи постои Закон за трговско друштво и посоти Закон за трговски регистри. Мислам дека треба да се размислува во оваа насока.

Кога сме кај трговските регистри, тука би сакал да се задржам малку повеќе. Така како што се дефинираат трговските регистри, како јавни документи, затоа што секое заинтересирано лице може да се запознае со податоците кои се евидентираат во овие регистри и затоа тие се нарекуваат јавни регистри. И покрај тоа, јас лично мислам дека трговските регистри, за жал, и натаму ќе треба да ги држат судските органи и во согласност со тоа и регистрацијата на трговските друштва ќе треба да ја вршат судските органи. Во оваа насока и понатаму постои

таа позиција, централизирана позиција, положба, и покрај фактот дека во Република Македонија се води децентрализацијата на власта. Повеќе од вистина е дека така како што е предвидено во Законот за трговски друштва, прашањето сега се префрла на Законот за судови, кој ги регулира надлежностите на судските органи и во оваа насока и територијалната надлежност во однос на прашањето на трговските друштва. И покрај тоа, кога говориме за регистрацијата на трговските друштва во многу држави, врз основа на податоците кои ги имам, регистрацијата на трговските друштва веќе не е во надлежност на судските органи, туку и во надлежност на другите институции. Зошто на пример кај нас да не биде централните регистри да не бидат во надлежност на централните регистри, кои имаат свои подрачни единици во сите општини. Зошто да не одиме еден чекор понапред преку децентрализацијата да го направиме и тоа, преносот на надлежностите да помине од судските органи кај овие централи регистри, кога се знае дека судските органи се и така преоптоварени со своите работи и лично мислам дека би бил многу позитивен чекор да се направи овој трансфер од судските органи на овие централни регистри. Централните регистри ги имаат своите подрачни единици во секоја општина и мислам дека би направиле еден многу значаен чекор во таа насока.

Исто така, кога сме кај трговските регистри, да ви кажам право во ниедна одредба - не сакам сега да го политизирам законот, меѓутоа, во ниту една одредба не е спомната употребата на јазикот. Вистина е дека употребата на јазикот доаѓа до израз при законот за трговски друштва, меѓутоа, во однос на трговските регистри воопшто не се спомнува. Ова да го имате предвид.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Коста Прешоски, а нека се припреми госпоѓата Цветанка Иванова.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

Нема да дискутирам за причините поради кои се предлага донесувањето на овој суштински закон, кој има директно влијание на економскиот развој на државата, бидејќи тие се дадени во предлогот за донесување на Законот за трговски друштва, а и претходните дискутанти поопширно ги елаборираа и затоа несакам да се повторувам.

Ќе се задржам на содржината на предлог законот со кој се создаваат услови во правец на зајакнување на приватниот бизнис, т.е. за создавање на

севкупна клима во државата за водење на бизнисот и создавање услови за инвестирање. Ќе се обидам на конкретен начин со мои согледувања, предлози и сугестии и укажувања на заинтересираните стопанственици, правници и економисти, да придонесам во подобрувањето на текстот на предлог законот, а се со цел да добиеме закон прилагодлив на општествено - економските услови во нашата држава. Значи, да добиеме закон, кој во праксата ќе биде применлив и прифатлив.

Прво, има ли потреба во текстот на овој закон да се внесуваат одредби, дефиниции и термини кои што не се вообичаени и не се во согласност со другите прописи во Република Македонија, со што ќе се усложни и комплицира неговата примена во праксата. Така на пример, во Законот за хартии од вредност непости терминот работнички акции, туку обични и приоритетни акции.

Второ, во повеќе одредби од законот се задолжуваат трговските друштва со обврска, а не се конкретизира начинот на нивното извршување. Така, на облигаторната задолженост на трговецот од член 8 да ги прави достапни податоците и информациите за неговата фирма на заинтересираните, не е определен и начинот на достапноста на тие податоци и информации. Оваа функција може да ја преземе Централниот регистер на Република Македонија кој е единствена информациона база во државата и е единствено достапен за сите заинтересирани лица со повеќе видови на комуникација, што и во досегашната практика целосно се докажа.

Трето, во делот на заштитата на малцинските содружници, во член 212, именувањето на ревизорите е во спротивност со Законот за ревизија, бидејќи се дозволува една десетина од акционерите да бидат ревизори на друштво со ограничена одговорност, да извршуваат посебна ревизија. Исто така, се дава можност и на надлежност суд да назначи посебни ревизори, што е спротивно на Законот за ревизија, според кој единствено собирот на содружниците е надлежен за назначување на ревизорите.

Четврто, исто така прашањето на давање заеми од страна на компанијата. Не е соодветно регулирано или е премногу нејасно регулирано со законот. Во овој контекст треба да се имаат предвие законските одредби кои важат за банките во делот на давањето на заеми на управители, блиски лица на нив, или содружници, зошто во спротивно тие два закони би биле со спротивни решенија и ќе бидат во колизија.

Петто, едно прашање во стилот на овој закон е многу специфично и според мое мислење ќе доведе до многу проблеми во неговата примена. Во член 271 се дозволува увид во акционерската книга на секој акционер и тоа за сите

податоци запишани во книгата на акции. Ова право што не е ниту целосно уредено, би можело во практиката да доведе до злоупотреба и одбивање на заинтересираните за купување на акции и за учество во акционерските друштва. Имајќи го во предвид нашиот менталитет и неограниченото право на увид во сите податоци, тешко може да се утврди злоупотреба на ова право, а и не може да се утврди суштината на потребата од ваквото решение. Ова право би требало да се сведе на запознавање на капиталната структура на друштвата, а не на давање на поединечни податоци за секој акционер, бидејќи тоа претставува суштински интерес на малцинските акционери. Ова дотолку пвоеќе што се предвидени казнени одредби со ригорозни санкции и за Централниот депозитар, доколку не дозволи увид на секој акционер, па дури и забрана за вршење на дејноста на оваа институција, а истовремено и не може да се утврди што се подразбира под поимот увид во акционерската книга при утврденото законско нивно водење на акциите.

Шесто, исто така и во однос на правото на секој акционер да врши увид на документите на компанијата наведени во член 309, се создава обврска во која компанијата е должна да дава податоци кои се веќе јавно објавени, хипотеки и залози во Службен весник, ревизорски и финансиски извештаи во дневен печат, односно Службениот весник на Република Македонија од една страна, а од друга страна се ангажираат со непотребно време службите за прашања кои се веќе регулирани на друг начин. Во таа смисла во точка 14 од членот 309 се даваат многу големи и неконкретизирани во законот овластувања на секој акционер за увид во било кој друг документ во друштвото, кој согласно со член 310 друштвото мора да му ги направи достапни.

Седмо, прашањето на давање аванси, заеми и кредити на друштвата за купување на акции во друштвото, утврдено со членот 326 потребно е да се преиспита од аспект на комплицираноста на постапката за утврдување на ништавноста на овие правни работи, што би рекол нашиот народ парите не се обоени, за да се знае нивната намена, односно користење.

Осмо, уште едно прашање во овој текст од законот не е јасно до крај во делот на управувањето со акционерските друштва член 329 став 4, во кој што се дава право на управување освен на сопствениците и на вработените во тие друштва што е директно спротивно на концептот на овој закон и концептот на приватната сопственост во целина. Ова исто така е со посебна важност и во контекст на привлекување на странски инвестиции при што со капиталот на странските сопственици треба да управуваат и нивните вработени. Суштината на овој закон е

дека право на управување со друштвото имаат исклучиво сопствениците на капиталот на друштвото, без оглед дали се тие вработени или се надвор од компанијата.

Деветто, во постапката на свикувањето на собранието на акционерите од страна на малцинските акционери, не произведува никаква суштинска разлика во донесувањето на одлуките за друштвото, а посебно во делот на можноста регистарскиот суд да свикува собрание на акционери член 274, односно мешањето на судската власт во делот на свикување на собрание на акционерите, при што судската власт станува малцински акционер на друштвото. Постоењето на слични одредби во постојниот закон до сега не доведе до никакви ефекти во праксата, ниту во нивната примена.

Десетто, членот 389 став 2 треба да се преиспита од аспект на неговата усогласеност со Уставот на Република Македонија, бидејќи правата од сопственоста може да се утврдуваат и ограничуваат само со закон. Ставот 3 од истиот член е целосно неразбирлив и неприменлив и треба да се допрецизира, да се применува правилно.

Единаесетто, во член 399 се утврдува дека одлуката на собранието е ништавна ако истото одлучува за прашање не е во негова надлежност, што е спротивно на основниот концепт дека собранието е највисок орган на управување на друштвото, а посебно што во текстот на законот никаде не е утврдено што не е во надлежност на собранието на собранието на друштвото. Исто така, потребно е и точката 4 од истиот член одлука спротивна на моралот да се поблиску прецизира во која смисла тие би биле спротивни на моралот.

Дванаесетто, во член 467 во делот на условите за престанок на друштвото се предвидува во став 4 со статутот на друштвото да се утврдат други случаи на престанок на друштвото аиако основот за престанок на друштвата според други одредби на овој закон се регулира само со закон. Ставот 2 од овој член потребно е целосно и недвосмислено да се дефинира како престанок на друштвото би бил уреден со овој закон.

Тринаесетто, во член 523 е утврдена нова класификација на друштвата со чија примена како големи трговци ќе се класифицираат само јавните претпријатија во Македонија и неколку поголеми друштва, додека другите компании ќе бидат мали и средни трговци. Поради фактот што само големите трговци котирачките компании на берзата, банките и финансиските институции и оние кои составуваат консолидирани финансиски извештаи, ќе составуваат финансиски

извештаи според меѓународните сметководствени стандарди, се доведуваме во ситуација само неколку компании да составуваат финансиски извештаи според овие стандарди, додека останатите компании ќе составуваат годишни сметки според даночните прописи во Република Македонија. Овој факт е битен и од аспект на привлекување на странски инвеститори кои признаваат финансиски извештаи на компанија составени само според меѓународните сметководствени стандарди.

Исто така, оние трговци кои од средни ќе станат мали трговци, нема да бидат предмет на годишна ревизија, што исто така е негативно од аспект на странските инвеститори и принципот на инвестирање на постојана ревизија на финансиските извештаи, заради утврдување на нивната реалност и објективност и заштита на малцинските акционери.

Четиринаесетто - Во законот не е точно утврдено која добивка ќе биде предмет на распределба во компаниите каде се составува годишна сметка според даночните прописи и финансиските извештаи составени според меѓународните сметководствени стандарди, при што може да се појави ситуација на утврдување на различна добивка, односно утврдена поголема добивка според даночните прописи, а помала според меѓународните сметководствени стандарди, при што во практиката ќе се делат дивиденди според добивката утврдена според даночни прописи, со што ќе се намалува економската моќ на компаниите.

Петнаесетто - Глава ЏИИ Оддел 1, каде се утврдува што претставуваат крупни зделки на друштвото. Членовите 641, 642 и 643 треба да се изостават од текстот на законот, бидејќи се навлегува во уредувања на прашања кои се предмет на самостојно уредување на самите друштва и се дел од нивниот бизнис.

Шеснаесетто - Во читањето на законот се наидува и на повеќе проблеми во поврзаноста на членовите. Така, казнените одредби не се усогласени со членовите за кои се однесуваат, што во наредните фази на изработка на законот треба да се усогласат. Така на пример, во член 111 став 1 точка 4, предвидена е казна за член 532 а треба за 527 и тн.

На крајот, овие укажувања во однос на забелешките на одделни одредби од законот, не се само мои сознанија и предлози, туку и се резултат на повеќе укажувања на сопственици, правници и економисти и други заинтересирани лица за добивање на решение во законот, што ќе создаде амбиент за успешно стопанисување, инвестирање и функционирање на правните субјекти во Република Македонија.

Од тие причини, во наредните фази да се обрне внимание на овие предлози и забелешки, за да добиеме јасен и недвосмислен закон во оваа област на општествениот живот кој во изминатите години беше предмет на многу промени, не само во законската реглатива, туку и во нормативата на самите друштва.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, нека се припреми потоа господинот Ружди Матоши.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам господине претседател, господине министер, колеги пратеници,

Денес на дневен ред имаме еден доста сложен и обемен закон, кој што регулира една материја која што е доста сериозна, која што материја се однесува на работењето на стопанските субјекти, на видовите на трговски друштва, на организирањето, спојувањето, припојувањето, престанокот, уписот на трговските друштва во трговскиот регистар. Тоа е една сериозна материја која што треба да и обрнеме посебно внимание и во сопствените дискусии да дадеме сопствен придонес за подобрување на текстот на законот.

Како што знаете, јас секогаш сум приклоник на тезата дека законите, особено посложените треба да се донесуваат во две фази и драго ми е што овој закон се донесува во две фази, меѓутоа сметам, со оглед на сложеноста на материјата што ја регулира, би требало да се донесува во сите три фази, затоа што само така ќе можеме да направиме еден доста добар и солиден закон, кој што закон ќе нема правни празнини кој што ги имаше досегашниот закон и кој што ги има сигурно Законот кој што влезе во сила, но не се применува.

Знам дека има јавни расправи по содржината на овој закон, дека веќе од повеќе субјекти правно релевантни има мислења и ставови, меѓутоа доколку е можно, со оглед на времето, бидејќи законот донесен во 2002 година е одложено неговата примена во одреден рок, доколку има време добро е предлагачот да се определи за донесување на овој закон во три фази.

За да не се повторуваме затоа што сметам дека сите имаме неподелени мислења дека има потреба од донесување на овој закон. Беа искажани аргументите зошто има потреба од донесување на овој закон. Има потреба затоа

што законот од 1996 година има огромни правни празнини, а тоа се потврдува со низата промени кои што се од 1996 година па наваму вршени. Има потреба затоа што имаме закон кој што е влезен во сила а на два наврати ја одлагаме неговата примена.

И на крајот има потреба затоа што ќе го хармонизираме нашето законодавство, дека и во осфера треба да ги вградиме светските стандарди и дека треба да ги вградиме директивите и дека ќе остраниме сите оние непрецизности и недоречености од досегашните два закони, кои што на жалост, како што кажав сеуште едниот не е влезен во примена, да во иднина не ни прават штета при практичната примена, бидејќи ова е закон кој што го регулира капиталот, движењето на капиталот.

По однос на тоа што ќе добиеме, односно што ќе се постигне со донесувањето на овој закон, очекувам дека со донесувањето на овој закон, ќе се отстранат бројни дилеми, ќе се намалат голем број на судски процеси, ќе се стабилизираат односите во стопанството и се надевам дека ќе створиме еден добар амбиент за привлекување на странски капитал, бидејќи цврство, јасно, дефинирани правила на игра можат да привлечат странски капитал. Да се надеваме дека со донесувањето на овој закон ќе го постигнеме ова.

Ова е прво читање како што ние го викаме правниците. Од првото читање на овој закон мојa констатација е дека овој закон практично претставува сублимат од законските решенија кои што се добри од Законот за 1996 година со сите тие измени, од добрите решенија од Законот донесен 2002 година кој што не влезе, влезе во сила но не е во примена и отстранување на сите оние недоречености кои што предизвикува хаос во овој дел од правното живеење. Сметам дека имаме еден доста добар закон кој што сигурно дека може да биде секогаш подобар и затоа треба јасно и гласно да си ги искажеме сите сопствените мислења и ставови, се со една цел да го подобриме текстот на законот, бидејќи се надеваме дека овие наши мислења и ставови предлагачот ќе ги вгради.

Да не должам многу во општо елаборирање на работите, Сакам веднаш да преминам на забелешките кои што читајќи го текстот сигурно можат да се најдат уште повеќе забелешки, меѓутоа тие што јас можев да ги воочам читајќи ја содржината на Законот.

Имам забелешка која што се однесува во делот на дефинициите. Дефинициите ако погледнете на најразличен начин се дефинирани акциите, видовите на акции и родовите на акции. Дефинициите кои што се однесуваат на

акциите и на видовите и родовите треба да се усогласат со законот од хартии од вредност, затоа што ние не можеме на различни начини да дефинираме една работа.

Во точката 34 сметам дека поседувањето најмалку 10 % од гласовите во Собранието на одреден акционер, или група на акционери е многу висок процент за да се стекне акционерот или групата на акционери со право на малцински акционер, бидејќи ова во досегашната правна практика сметам дека го делат моето мислење и колегите, ова причинуваше огромни проблеми.

Понатаму, во членот 10 каде што е регулирано кој не може да биде регистриран како трговец поединец, би требало членот 10 да се дополни со нова точка 3 во смисла на тоа да не може да се регистрира како трговец поединец лице на кое му е изречена мерка за безбедност, забрана за вршење на дејност, должност, или професија додека трае таа забрана.

Во членот 11 воведната реченица на став 1, да се прецизира во смисла на тоа каде се доставува пријавата. Исто така, потребно е да се додаде нов член став 5 во членот 11 во смисла на тоа дека запишувањето на трговецот поединец во трговскиот регистер се објавува во Службен весник на РМ, а истото тоа се однесува и на одредбата од членот 16.

И јас исто така, како господинот Аднан Јашари имам забелешка на членот 17, бидејќи членот 17 треба да се усогласи со точката 6 од дефинициите, точката 68 на членот 1 каде што се дадени дефинициите, бидејќи не можеме на различни начини да дефинираме што значи трговско друштво. Значи, дефиницијата што е трговско друштво треба да биде иста во целиот текст, односно сега содржина на Законот. Значи, овде имаме заедничка забелешка со г-динот Аднан Јашари.

Одредбата на член 24 која што се однесува на подружниците, член 24 став 4 да биде малку попрецизна.

Во членот 32 став 4, исто така да се прецизира каде се објавува одлуката. Ова објавување не се однесува на објавувањето во службен весник.

Во став 1 на членот 49 да се прецизира во смисла на тоа како ќе се дава дозволата за фирмата која што се однесува на имиња на познати, личности од историјата, кој ќе ја дава таа дозвола, бидејќи ова не е дефинирано.

Во насловот пред членот 50 зборовите “Локална заедница” да се заменат со зборовите “Единица на локална самоуправа”. Истото се однесува на членот 50 став 2, бидејќи ова е потребно да се усогласи со терминологијата од Законот за локална самоуправа.

Во членот 44 став 4 да се прецизира во смисла исто така каде се објавува, начинот на кој повеќе членови на органи на управување, управителот, односно други лица го застапуваат друштвото, а се запишуваат во трговски регистар.

Во врска со одредбата на ставот 4 на член 68 се поставува прашање, дали има потреба од ставот 4 во членот 68.

Во однос на членот 174 став 2 по зборот "валута", да се додаде "во денарска противвредност" затоа што платежно средство кај нас е денарот.

Во врска со одредбата на членот 271 се поставува прашање каде се води книгата на акциите во која се запишуваат акциите на акционерското друштво.

Одредбата на членот 294 став 2 точка 6 исто така да се прцизира ззатоа што оваа одредба е нејасна.

Во ставот 3 на членот 721, односно ставот 3 да се брише, затоа што е непрецизен и да се прецизира доколку се мисли на мандатот на постојните членови на органите на управување во трговските друштва, тоа е членот во преодните и завршните одредби.

И на крајот сакам да укажам дека одредбата од член 725, читајќи ја се поставува прашање, дали со престанувањето на важењето на Законот за трговски друштва Службен весник на РМ бр. 58/2002 престанува да важи Законот за трговски друштва од 1996 година и сите измени. Тоа е особено важно да се прецизира.

Сега, сакам да кажам по однос на забелешките на г-динот Аднан Јашари, дека не треба уписот во трговскиот регистар да се регулира во овој закон, дека тоа треба да биде регулирано во посебен закон. Не значи дека сум во право, меѓутоа сметам дека, не го делам ова мислење затоа што порано ние имавме такво законско решение. Сметам дека кога се однесува регулирање на една материја од една област заради систематичност, коегзистентност и полесна практична примена, сите прашања кои што произлегуваат од таа материја треба да бидат регулирани во еден закон. Пак кажувам, незначи дека јас сум во право, меѓутоа, тоа е мое мислење.

Исто така, со г-динот Аднан Јашари не го делам мислењето, односно дилемата зошто судовите да вршат упис во трговскиот регистар, затоа што со Закон им е утврдена таа надлежност. И доколку сакаме поинаку да ја регулираме таа материја би требало да претрпи измени и законот за судови. Сега е така и затоа е така регулирано.

Се надевам дека овие мои скромни забелешки предлагачот ќе ги има во предвид при изготвувањето на текстот на законот и доколку бидат вградени ќе бидам благодарна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи е последен г-динот Ружди Матоши и јас немам кого да најавам после него. Јас би замолил, односно би се заблагодарил на сите пратеници, оние кои што сакаат да дискутираат дека во време на дискусијата на г-динот Матоши, да се пријават.

Има збор г-динот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам г-не претседател, јас нема да навлезам во деталите на Законот, затоа што не сум правник ниту експерт од правната област кој ќе беше во состојба да ги разбере концептите на оваа Влада што не е практика во развиените земји. Овој закон не е ништо друго туку само една репреза на Законот за трговските друштва од 1996 година, од истите автори, но само со неколку козметички преуредувања и истиот е речиси препишан. Аргументите како по обемот така и по содржината која вклучува толку членови и законски одредби колку законот за трговските друштва од 1996 година. Значи, во 1996 година имаме 728 членови, што значи дека сега имаме два члена помалку 726. Преку овој предлог повторно остануваат постапките и инволвирањето на администрацијата како од аспект на запишувањето на трговските друштва така и од аспект на нивното функционирање. Ова ми дава да разберам дека оваа Влада не може да се ослободи од минатото за протекционизмот, за изолирањето и за преголемата бирократија. Оваа Влада исто така не сакаше да се сложи со проектите на минатата Влада, иако можеби и е јасно дека тие можат да дадат добри економски резултати, но тие се игнорираат само дека се усвоени од минатата Влада. Ова се сведочи и со дискусиите од позицијата и од самиот министер кој со ниту еден аргумент не аргументира што не е добро во законот од 2002 година, кои се дефектите во тој закон и со неколку недобри мотиви се трудат да кажат дека е дојден со забрзана постапка, немало време, немало консултации, немало дебати за тој закон, што е спротивно.

Сега ќе се концентрирам и ќе направам една комперација меѓу Законот за трговски друштва кој се усвои во 2002 година и на овој закон кој денеска се предлага. Во 2002 година законот се критикуваше од страна на авторите кои сега го репризираат законот од 1996 година. наводно Законот имал англосаксонски елементи од една страна, додека од друга страна тие имаат предвид дека

сегашната Влада е алергична врз овие концепти кога единствена нивна цел е да го стопираат функционирањето на усвоениот закон во 2002 година. Исто така, се ангажираа и внатрешни експерти во изготвувањето на Законот во тоа време. Но, вистина е дека не се ангажираа репрезентативни автори на Законот за трговски друштва од 1996 година. Значи, “познатиот” Беличанец од тоа време. Ако го споредуваме законот за трговски друштва усвоен во 2002 година има многу предности од Законот кој се предлага и тоа како во постапката за уписот на компаниите, така и од начинот на уредувањето, нивното функционално уредување. Усвоенот закон во 2002 година повеќе е симплифициран и јасен како за странските инвеститори така и за домашните инвеститори кој закон е краток и има 562 члена во согласност со директивите на ЕУ и принципите на економскиот развој во ОКБ каде со еден документ можеш да направиш упис, значи да се направи уписот на компанијата. Значи, членот 25 го предвидува ова со законот од 2002 година. Додека со овој закон кој се предлага се предвидува еден број на документи, може да го видите членот 158 кој го отежнува уписот на компаниите, значи инволвирање на администрацијата во текот на уписот на компаниите што причинува потешкотии, а не олеснувања како што е во некои развиени земји, како на пример во Велика Британија каде преку интернет се упишува компанијата. Преку овој закон се оддалечуваме од електронското претприемништво. Напротив, законот од 2002 година кој предвидуваше едно вакво нешто. Нема потреба за товарење на администрацијата во товар на претприемачите кои треба да бидат послободни и да имаат поголеми добивки. После се губи флексибилноста кај претпријатијата со ограничена одговорност преку актите на претпријатијата можат да се регулираат многу прашања а не тие да бидат облигациони, како на пример свикувањето на Собрнието или поделбата на добивката итн. Додека кај законот од 2002 година, овде значи во овој закон од 2002 година се враќа изборот, кај предложениот закон се враќаат и систематските избори од 1996 година со долги постапки и губењето на време од страна на претприемачите.

Кај акционерските друштва, исто така се враќаат и старите систематски избори само со некои козметички регулирања, без некоја радикална измена кој ќе биде во функција на намалувањето на постапките, техничките постапки и формалните. Додека сето ова ќе биде во полза на претприемачите. Единствено позитивно нешто во Законот кој се предлага е заштитувањето на малите претприемачи и оваа идеја е земена од трговските друштва која се усвои во 2002 година. За информација на министерот и во Германија е во разгледување законот за

трговски друштва за многуте административни постапки, за отворање на една гаража потребни се 12 дозволи. Додека се донесе 12-та дозвола, на првата дозвола и истекува рокот, затоа поддршката на некои закони и преведувањето на истите и истото да се предложи во Парламентот е неодговорност. Во законот од 2002 година е предложен Борд на директори каде претседателот на Бордот е генеален директор со цел одлуките да се донесат побрзо и да не се губи време. Додека актуелниот закон има два степени на управување и тоа, надзорниот одбор и управниот одбор каде се губи повеќе време во текот на донесувањето на одлуките кои одат на штета на претпријатието. Исто така, не гледам еден шалтер да се направи уписот на фирмите кое е добро на Законот од 2002 година. Затоа што дозволите кои треба да се земат, сакам да ме демантира и министерот овде, дозволите се земаат во многу институции, што значи дека креаторот кој ќе направи бизнис за трговските друштва, кој ќе оснива трговско друштва треба да контактира со многу институции, што значи дека овде доаѓа до израз корупцијата и митото.

На крај, можам да констатирам дека предложениот закон не е во согласност со Охридскиот договор што значи дека е облигационо за Владата, да се почитува дефинитивно значи Охридскиот договор. Јас констатирам дека актуелната влада не знае што да прави, туку само да ги репризира законите што ни донесоа економска криза во едно минато време, да ги игнорира професионалните проекти на минатата Влада и да ги повтори старите навики за да го донесе народот во бедна состојба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како последен дискутант го имаме пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да го изнесам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на Законот за трговски друштва што денес е на дневен ред. Значи се предлага еден комплетно нов закон за трговски друштва, иако знаеме дека во 1992 година беше донесен закон за трговски друштва со одложена примена од 1.01.2004 година и практично тој закон кој беше донесен во 2002 година беше според директивите на ЕУ, според искуствата од седумгодишната примена на претходниот закон кој беше донесен 1996 година. Значи, се она што во оваа седумгодишна примена на овој закон искрснаа како проблеми и недостатоци, беа вградени во Законот од 2002 година.Единствена маана на тој закон беше што тој беше донесен во една скратена постапка. Меѓутоа, сето тоа се направи со цел да се добие во време поради усогласување на нашето законодавство со европското законодавство. Притоа иако сега се вели дека не бил консултиран поширок круг на научни лица и круг на лица

кои биле заинтересирани за оваа проблематика, пак ќе повторам, како што реков во репликата, тие беа ангажирани во форма на работни групи при консултациите во донесувањето на овој закон. Иако, пак ќе напомнам дека овој закон беше жестоко напаѓан од опозицијата. Значи два месеци пред примена на овој закон, сега се предлага нов закон.

Сметам дека со ова на некој начин се губи време во законско регулирање на материи и области кои веќе се регулирани, иако во најдобар случај можеше да се реагира со предлог измени на овој закон. Меѓутоа, еве, сега се донесува комплетно нов закон. Дали тоа значи дека се она што е направено во претходниот период ќе се минимизира, или ќе се обидеме сето тоа да го ревидираме, незнам. Меѓутоа, во секој случај е многу лоша порака.

Што се однесува до новиот Предлог на закон, добро е што тој закон се носи во повеќе постапки, значи не е во скратена постапка. Еве сега е првата фаза, така што после оваа фаза ќе може да се сублимираат сите забелешки од важечките и релевантните фактори за да би можело во втората фаза да се добие нов закон.

Овој закон во однос на Законот од 2002 година е со конкретно нова концепција, така што не може да се направи споредба, иако предлагачот требаше малку подетално да ги нотира суштинските разлики и ефектите кои би се постигнале со овој закон, а не можеа да се постигнат со законот кој беше донесен во 2002 година. Инаку евидентно е воспоставувањето на процедурите за регистрирање како и сиплификација на материјата која се однесува на ревизија и доставување на извештаите. Исто така евидентно е и намалувањето на обемот на одредбите кои ја регулираат материјата поврзана со сметководството. Колку е ова добро ќе се види со самата примена на законот. Значи сеуште ова е еден предлог, како што беше и предлогот од 2002 година.

Ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, со овие забелешки ќе го поддржиме донесувањето на овој закон и ќе реагираме и нашите конкретни забелешки ќе ги дадеме во наредните фази, значи во втората фаза. Не сакаме да излезе дека нашата пратеничка група ја опструира работата во доменот на усогласувањето на нашето законодавство со европското.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за трговски друштва.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на РМ и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, за гласале 63, против 3 и воздржани пратеници нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 11-та точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за вино.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Има збор министерот за земјоделие Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Тргнувајќи од интересот на взаемна заштита и контрола на имињата на вината, на подобрувањето на условите за промет со нив, во согласност со принципите за квалитет, меѓусебна корист и реципроцитет, Европската заедница и нејзините членки, од една страна и Република Македонија од друга страна, во членот 24 став 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, утврдија дека трговските аранжмани за виното и алкохолните пијалоци, ќе бидат дефинирани одделно. Во согласност со тоа донесен е дополнителниот протокол за адаптација на трговските аспекти од Спогодбата за асоцијација и стабилизација помеѓу Република Македонија од една страна и Европската заедница и нејзините членки од друга страна, со резултат од преговорите помеѓу договорените страни за воспоставување взаемни повластици за некои вина, взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на вината и взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на алкохолните и ароматизираните пијалоци, со анексите број 1,2 и 3, објавени во “Службен весник на РМ” број 104/2001). Според овој протокол РМ се обврзува на

усогласување на својата легислатива на виното со легислативата на заедницата, врз принципите на недискриминација и реципрочност.

Со предложениот закон, како и поблиските прописи кои ќе се донесат врз основа на него, РМ го прави токму тој чекор на усогласување на законодавството со регулативите на ЕУ, првенствено регулативите на Советот на ЕЗ број 14-93/99 и 7532/2002, во оваа област.

Со цел да се помогне во правилното имплементирање на одредбите од регулативите на ЕУ, во подготовката на овој закон, преку посебен проект финансиран од Европската комисија за реконструкција е обезбедена помош од експерти на земјите членки на ЕУ, во разјаснување на регулативите.

Текстот на законот е во прва фаза.

Комисијата која работи на законот во наредната фаза ќе продолжи дополнително да го дообликува законот преку разгледување на истиот, на корисните забелешки за подобрување на истиот, што ќе ги испочитува до крај прописите на ЕЗ како важен чекор на патот на РМ кон европската интеграција.

Го користам овој момент да ви презентирам некои податоци за капацитетите на земјата во областа на лозарството и винарството што беа една од причините за донесувањето на овој закон.

Лозарството во РМ е застапено на површина од околу 28 илјади хектари од кои годишно се добива производство од околу 200 до 220 илјади тони грозје. Од овие количини околу 170 до 180 илјади тони е винско грозје, а остатокот е трпезно.

Со преработка на винското грозје во инсталираните 20-тина винарски визби во РМ се произведува околу 120 милиони литри квалитетно вино со заштитено географско потекло. Пласманот на произведеното вино се реализира во околу 30 земји во светот од кои најголем дел во земјите членки на ЕУ и изнесува 300 илјади хектолитри.

Во овој момент проблем претставува фактот што околу 80% од количините за извоз се пласираат во наливна состојба, што индиректно се одразува преку намалениот девизен ефект од извозот на овој важен прозивод во РМ.

Решенијата во овој закон треба да придонесат да имаме производство на квалитетни вина за европскиот и светскиот пазар, врз основа на пропишани и заштитени услови на производство и светски и европски стандарди кои во старт на македонскиот производ ќе му обезбедат најмалку рамноправна положба со останатите производители на вино, но со значителна предност за Република Македонија и за нејзините производи, во однос на климатските, почвените,

географските услови и традицијата на македонските вина, во што сме во значителна предност пред сите наши конкуренти.

Имајќи предвид дека поголем дел од лозовите насади се со неповолна старосна стртуктура односно 35 до 40% од вкупните површини од лозови насади, се со старост од над 25 години, како и тоа што во последните неколку години има тенденција да се врши интензивна обнова на истите, за производство на квалитетни вина со заштитено географско потекло, атрактивни барем на странските пазари, овој закон треба тоа да го поттикне и да го обезбеди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Му благодарам на господинот Славко Петров.

Има збор господинот Драган Ѓеоргиев.

ДРАГАН ЃЕОРЃИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Законот за вино е донесен во 1973 година, кога Република Македонија имаше различни економски и пазарни услови за промет на вина и други алкохолни пијалоци. Затоа, сакајќи да се подобрат условите за промет со вино и заради подобро законско покривање во оваа област, во новонастанатата ситуација на пазарот на вино, во која имаме побарување на вино од највисок квалитет вино, заострени прописи за потекло на виното и грозјето и појавата на нови земји производители на вино, а во правец на добивање на заеднички интерес, взаемна заштита и контрола на вината меѓу ЕУ и нејзините членки и РМ од друга страна, донесен е дополнителниот протокол за адаптација на трговските аспекти од спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу двете страни.

Овој дополнителен протокол, како што кажа и самиот министер, предвидува воспоставување на взаемни повластици за некои вина, взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на вината и заштита и контрола на имињата на алкохолните и ароматизираните пијалоци. Според тоа РМ со овој протокол се обврзува за усогласување на нашето законодавство, конкретно во оваа област, со законодавството на земјите членки на ЕУ, а во исто време усогласувајќи го овој предлог за донесување на Законот за вино, со реалните услови, потреби и можности во нашата држава.

Особено е важно да се нагласи важноста на лозарството во РМ кое е застапено на површина од околу 35 илјади хектари, како значајна стопанска гранка и нејзиниот стратешки карактер за нашата држава, од кој се остварува девизен прилив

од околу 40 милиони американски долари годишно. Поради сите овие причини неминовно се наметнува потребата за донесување нов закон за вино кој ќе овозможи непречено и ефикасно функционирање на македонското лозарство и винарство, согласно со пазарните услови и правила кои дејствуваат во европски и во светски рамки.

Позитивно е тоа што овој закон за вино ќе оди во две фази и ќе имаме можност и ние како пратеници и самиот предлагач Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во периодот што ќе следи, се до поднесувањето на Предлогот на законот за вино, активно да учествуваме во подобрување на текстот на конечната верзија на овој закон.

Ќе се обидам накратко да ги кажам новините што се нудат во овој предлог за донесување на закон за вино, а кои ќе ги подобрат условите за производство на квалитетно вино, со заштитено географско потекло во нашата држава и некои одредени забелешки.

Во предложениот закон за вино се предвидува обврска за производиртелите на грозје, со сорти на винско грозје, да мора да имаат одобрување од министерот за земјоделство, пред да започнат со ново садење на винова лоза. Одобрението за садење министерот ќе го одобри, доколку соодветната област не ги надминува границите на областа што ја утврдува министерот. Исто така за да се добие тоа одобрение ќе биде потребно, од страна на производителите да бидат садени лозови насади со сорти на грозје кои ќе бидат опфатени во калсификацијата на препорачани и одобрени сорти на грозје, која пак класификација ја пропишува министерот.

Оние лозови насади кои ќе бидат насадени без добиено одобрение за право на садење, во Законот се предвидува да бидат ископачени на товар на самиот производител.

Овде треба да се посвети поголемо внимание на производството на грозје и вино кое се однесува исклучиво за потрошувачка на семејството на лозарот и за нив сметам дека нема потреба за добивање на одобрение.

Исто така добро е и тоа што законот ги заштитува подигнатите лозови насади со сорти грозје кои не се опфатени во класификацијата на сорти грозје, а кои се посадени пред влегувањето во сила на овој закон и тие лозови насади нема да бидат ископачени во рок од 15 години од денот на влегување во сила на новиот закон за вино.

Заради евиденција на лозовите насади и идентификација на производителите, самите производители на грозје се должни да ги пријават земјоделските површини на кои одгледуваат винова лоза, во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а од добиените податоци, соодветното министерство води национален регистар за лозови насади.

Во член 10 е предвидена обврска за пријавување на произведеното грозје, вино и шира, но во став 4 од овој член, мислам дека треба да се каже - до кога најдоцна увозниците треба да ја пријават увезената шира и вино, бидејќи тоа не е утврдено во овој член. Со производство на вино ќе може да се занимаваат правни и физички лица кои ги задоволуваат условите што ќе ги пропише министерот за земјоделие во поглед на стртучна подготовка на лицата што ќе раководат со производството на вино и условите во поглед на просториите и опремата која се користи во самиот процес на происводство.

Заради унапредување на производството на вино и остварување на политиката во областа на лозарството и винарството, предвидено е министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира советодавен одбор за лозарство и винарство, во кој ќе бидат вклучени претставници од здружение на лозари, претпријатија за производство на вино, претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија и други стручни и научни установи.

Мислам дека во овој закон треба покомплексно, поопширно и попрецизно да се утврдат правата и обврските на советодавниот одбор во правец на зголемување на неговите права и ингеренции, самиот одбор да даде поголем придонес за унапредување на целокупниот процес на производството на вино.

Заради заштита на интересите на потрошувачите и производителите и заради презентација на производството на квалитено вино, виното што се става во промет ќе мора да биде означено.

Во овој дел предложениот закон регулира материја од која многу ќе зависи претставувањето на нашето вино на странските пазари.

Овде сакам да напоменам дека од особена важност за стимулирање на производството на вино ќе биде создавање на услови за зголемување на количините за извоз на амбалажирано вино, преку конкретни мерки и активности од страна на Владата на РМ, бидејќи знаеме дека огромни количини за извоз на вино сеуште се пласираат во наливна состојба.

Со овој предлог на закон за вино, државата односно Владата на РМ и соодветното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство преземаат

големи права но и големи обврски во целокупниот процес на садење на виновата лоза и целокупниот процес на производство, надзорот и продажбата на вино и со тоа Владата на РМ се обврзува на активно учество, заедно со производителите на вина и сите релевантни фактори од лозарството на РМ, со единствена цел да се унапреди производството и продажбата на вино во нашата земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука завршуваме со денешната расправа, и продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот.)